КОНФЕРЕНЦИЈА „ГОДИНА НА НОВИ МОЖНОСТИ“

БЕСПИЛОТНО ЛЕТАЛО „NORTHROP GRUMMAN MQ-4C TRITON“

МУЗЕЈ НА АВИЈАЦИЈАТА НА НОВ ЗЕЛАНД

ЈАЗОТ ВО ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА „СТАРА И НОВА ЕВРОПА“

# ШТИТ

Број 161
март 2023

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## СОЛИДАРНОСТА НА ДЕЛО

Припадници на Армијата на Република Северна Македонија меѓу првите кои помагаа во справувањето со последиците од катастрофалниот земјотрес









# „Пријателство

## Одбележан Меѓународни

Од 15 до 17 февруари, на Воениот стадион во Скопје се реализираа спортски натпревари по повод 18 Февруари – Денот на меѓународните воени спортови, на кои учество зедоа припадниците на Армијата, претставници од Министерството за одбрана и питомците од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“.

Под мотото „Пријателство преку спорт“ се одржаа натпревари во повеќе дисциплини: фудбал, кошарка, атлетика и пинг-понг, во поединечна и екипна конкуренција. Оваа година, Меѓународниот совет за воени спортови одбележува 75 години од неговото формирање, а Армијата на Република Северна Македонија е полноправна членка од 2005 година. Целта на активноста е преку организација на спортски натпревари на спортските екипи од Армијата под мотото „Пријателство преку спорт“ традиционално да се одбележи Денот на меѓународните воени спортови. Министерката за одбрана Славјанка Петровска го означи почетокот на натпреварите по повод Меѓународниот ден на воени спортови. „Вие сте подготвени, издржливи и мотивирани. Вие сте чувари на безбедноста на граѓаните, со својата силна волја, мотив, но и врвна физичка подготвеност. Затоа инвестирањето во секој еден од вас е најважната инвестиција за нашата држава “, рече министерката на свеченото отворање на спортските натпревари. Воедно, министерката Петровска потпиша Меморандуми за соработка со претседателот на Сојузот на спортови на Скопје „Виз ер скопски маратон“, Зоран Стојановиќ и со деканот на







# о преку спорт“

## от ден на воени спортови

Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Ленче Алексовска-Величковска. „Вмрежувањето ќе придонесе и кон нашата главна цел – уште посилна физичка подготвеност и подобри резултати за Армијата и за државата“, истакна министерката Петровска. На свеченоста, на капетанот Жан Тосев му беше доделено признание за најдобар спортист на Армијата за 2022 година.„Моите честитки за капетанот Тосев кој минатата година постигна врвни резултати – личен и армиски рекорд во дисциплината маратон, остварен на Љубљанскиот маратон во октомври минатата година и личен и армиски рекорд во дисциплината полумаратон на Скопскиот маратон. Неговите резултати нека послужат како пример и мотив повеќе за сите наши војници кои умеат и можат и во спортот да покажат врвни резултати“ – порача министерката Петровска. Капетанот Жан Тосев се занимава со атлетика повеќе од 10 години. Токму за неговиот јубилеј, 10 години активно занимавање со атлетиката, во текот на сезоната 2022 година, ги постигна следниве позначајни резултати: личен и армиски рекорд во дисциплината маратон со време од 02.31.56, остварен на Љубљанскиот маратон одржан на 23.10.2022 година (овој резултат е втор по вредност на македонски атлетичар во нашата атлетска историја) и личен и армиски рекорд во дисциплината полумаратон со време 01.11.49, остварен на Скопскиот маратон одржан на 2.10.2022 година. Советот на воени спортови едногласно одлучи оваа награда, Спортист на годината, да му припадне по вторпат во кариерата на капетан Жан Тосев.

Кристина Илиевска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Никола Митровски, потполковник
Лилјана Петреска,потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Блажеска, полковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит





15
Под знамето на ОН

20
Операција „Фокус“

# содржина

ШТИТ | година XV | број 161 | март 2023

Инфо
**Конференција „Година на нови можности“** ........ 8

НАТО активности
**Идниот надзор во воздушниот простор на НАТО сојузниците** ........ 10

На прва линија
**Значењето на безбедноста на класифицираните информации во одбраната и Армијата** ........ 12

Глобал
**Јазот во економскиот развој на „стара и нова Европа“** ........ 18

**Зошто диктаторите се плашат од девојки: Еден поинаков аспект на темата род и национална безбедност** ........ 22

Родова перспектива
**Родова самопроцена во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија** ........ 25

Вооружување
**Беспилотно летало „Northrop Grumman MQ-4C Triton“** ........ 34

**„VECTOR/GRF“ – холандско лесно тактичко возило на тркала 4x4** ........ 36

**Зошто треба секогаш да имате нож со себе** ........ 39

Аеродневник
**Елитни падобранци** ........ 46

Воени музеи
**Музеј на авијацијата на Нов Зеланд** ........ 48

Незадолжително
**Музејот за тутун во Прилеп раскажува екслузивни приказни** ........ 52

Уметниците и војната
**Франц Рубо - мајсторот на панорамското сликарство** ........ 56





32
Модуларен пиштол „НК Р30“

42
„Yakovlev Yak-3“

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Поддршка и помош за пријателите*

*Светот во кој живееме секојдневно се соочува со многубројни предизвици од различен вид. И во ерата на голем техничко-технолошки напредок во глобални рамки, светот сè уште се справува со проблеми предизвикани од природните сили, од климатските промени, но и од човечкиот фактор. Сведоци сме на многубројни проблеми во светот поврзани со сиромаштија, болести, глад, суша и недостиг на чиста вода, поплави, торнада, свлечишта, земјотреси...*

*Сведоци сме и на порастот на вооружени конфликти, граѓански војни, тероризам, тоталитарни и автократски режими, кои резултираат со многу жртви, создаваат бранови од бегалци, раселени, обесправени...*

*Изминатата година се соочивме и со војна на тлото на Европа. Суверена и независна држава беше нападната и вовлечена во војна за освојување на територии и промена на граници...*

*На 24 февруари 2022 година Русија започна инвазија на Украина. Десетици илјади луѓе се загинати во текот на изминатата година. Инвазијата ја предизвика и најголемата бегалска криза во Европа по Втората светска војна. Над 8 милиони Украинци се внатрешно раселени, а околу 8 милиони ја имаат напуштено државата.*

*Целиот прогресивен свет остро ја осуди инвазијата врз Украина. Република Северна Македонија беше меѓу првите држави кои испратија помош и ѝ дадоа поддршка на Украина бидејќи сме демократска држава која верува во правото на секоја земја за самоодбрана и почитувањето на правилата и принципите на кои се основа меѓународната заедница. Една година по инвазијата, воените дејства сè уште не запираат. Во знак на солидарност и поддршка за храбриот украински народ, министерката за одбрана Славјанка Петровска ја посети Украина. При посетата таа упати порака до целиот украински народ „Ја изразувам мојата почит и поддршка кон вас украинскиот народ, за вашата храброст, истрајност и одлучност да ја одбраните сопствената територија. Ваков чин на брутална агресија и терор врз цивилно население, деца, жени, стари лица се незамисливи за која било цивилизација во 21 век. Затоа од самиот почеток Владата на Република Северна Македонија ја осуди руската агресија врз Украина, која е неоправдана и со ништо не е испровоцирана. Без двоумење застанавме на страната на правдата и човечкото достоинство, на страната на вистината“.*

*На 6 февруари разорен земјотрес со јачина од 7,8 степени според Рихтеровата скала ја погоди границата меѓу Туркије и Сирија. Според последните податоци, повеќе од 46 000 луѓе загинале во земјотресот, а десетици илјади луѓе се без покрив над главата. Помошта за настраданото население и за отстранување на последиците од земјотресот пристигнува од сите страни на светот. Република Северна Македонија беше меѓу првите која испрати помош во погодените подрачја, како во материјални средства, така и свои специјализирани сили за помош и дејствување при вакви природни несреќи. Со возила, комбиња и авион кон Туркије се упатија речиси стотина спасувачи, пожарникари и армиски специјалци кои се приклучија на турските и меѓународните тимови во спасување на луѓето кои се наоѓаа под урнатините на илјадници згради и во расчистување на теренот.*

*Пандорината кутија е одамна отворена во светот, сите светски зла сè уште се надвиснуваат над човечкиот род. Но, како и во приказната, останува надежта дека човештвото ќе успее да се справи со сите несреќи, остануваат пријателите кои секогаш се подготвени да ја дадат потребната помош и поддршка кога е најпотребна...*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Поддршка за Украина

Министерката за одбрана Славјанка Петровска ја посети Украина, во знак на поддршка на украинското лидерство и украинските граѓани во борбата за одбрана на својата земја и зачувување на својот суверенитет. Во Киев министерката Петровска оствари средба со министерот за одбрана Олексеј Резников. На прес конференцијата министерката Петровска упати порака до украинскиот народ: „Ја изразувам мојата почит и поддршка кон вас украинскиот народ, за вашата храброст, истрајност и одлучност да ја одбраните сопствената територија. Ваков чин на брутална агресија и терор врз цивилно население, деца, жени, стари лица се незамисливи за било која цивилизација во 21 век. Затоа од самиот почеток Владата на Република Северна Македонија ја осуди руската агресија врз Украина, која е неоправдана и со ништо не е испровоцирана. Без двоумење застанавме на страната на правдата и човечкото достоинство, на страната на вистината". Таа порача дека Северна Македонија силно ја осудува руската агресија врз Украина и даде полна поддршка за нејзиниот суверенитет и правото на самоодбрана. Министерката се осврна и на досега укажаната хуманитарна и воена помош за Украина која ја даваме зашто цврсто веруваме во правото на секоја земја за самоодбрана и почитувањето на правилата и принципите на кои се основа меѓународната заедница. Министерот Резников изрази силна благодарност за сета поддршка од



Северна Македонија и порача дека тоа украинскиот народ нема да го заборави. Во Киев, министерката Петровска положи венец со свежо цвеќе на Ѕидот-паметник на паднатите за Украина, а имаше можност во градот Ирпин, местото каде украинските сили го запреа напредокот на руските сили кон главниот град Киев, да биде сведок и на разрушувањата предизвикани од бесправната и неиспровоцирана руска агресија врз самостојна и независна Украина. За време на посетата на Украина министерката Петровска ги посети градовите Ирпин и Буча, каде во текот на месец март минатата година се водеа жестоки битки со руските сили. Во Ирпин и Буча, Петровска и лично ги виде последиците од уништувањето предизвикано од војната, тешките услови во кои живеат Украинците, но и нивната жар и мотив да се изборат за својот суверенитет. „Војната е немилосрдна и единствено нешто што носи се болка и тага. На лицата на Украинците може да се види бескрупулозноста на воените дејствија, но може да се види и нивната цврстина и желбата да ја одбранат својата татковина", рече министерката при посетата на овие градови. Таа го потенцираше херојството на овдешните луѓе во одбраната на својата земја и ја повтори итната потреба мирот и безбедноста да се вратат на територијата на целата земја. Петровска порача дека Северна Македонија цврсто и јасно укажува на тоа дека страдањата на украинскиот народ мора веднаш да запрат.





# Пречек на припадниците на Армијата

На 20 февруари, во касарната „Илинден“ во Скопје, претседателот Стево Пендаровски, министерката за одбрана, Славјанка Петровска, амбасадорот на Република Туркије во Северна Македонија, г. Хасан Мехмет Секизќок и началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, го пречекаа Армискиот тим за заштита и спасување, кој учествуваше во хуманитарната спасувачка операција во регионот Кахраманмараш, во Туркије. Претседателот Стево Пендаровски, им се заблагодари на припадниците за нивната храброст, професионалност и



доследно извршување на задачите во пребарување, пронаоѓање и спасување на настраданите и рече дека нашата армија беше меѓу првите пет кои пристигнаа на лице место, практично 24 часа по земјотресот. Министерката Петровска ја поздрави пожртвуваноста и подготвеноста на припадниците, при што во свое име, во име на Министерството, Армијата и граѓаните, им се заблагодари на припадниците на Баталјонот за специјални намени. „Во една ваква комплицирана и навистина тешка задача, извлекување и спасување на она што можеше да се спаси, одлучивме дека треба да ги испратиме најдобрите, најобучените, најподготвените. Ви благодариме што го спасивте младиот Сулејман и што му дадовте шанса да порасне во успешен млад човек. Ви благодариме за вашата пожртвуваност и што покажавте дека секогаш сте подготвени да му служите на нашиот народ, но и да им помогнете и на пријателите кога ќе се најдат во неволја.“ – рече Петровска. Министерката Петровска најави дека сите припадници вклучени во хуманитарната спасувачка операција ќе бидат наградени со исплата од една просечна плата, потенцирајќи дека она што армиските припадници го имаат во своите срца е непроценливо, и дека со секоја завршена мисија нè прават горди. Амбасадорот на Република Туркије во Северна Македонија, г.



Хасан Мехмет Секизќок, изрази благодарност кон целото македонско општество кое веднаш реагираше да му помогне на турскиот народ и го истакна ангажманот на припадниците на Армијата кои храбро се вклучија во активностите за заштита и спасување. Армискиот тим за заштита и спасување, кој учествуваше во хуманитарната спасувачка операција, беше во состав од 60 припадници од Баталјонот за специјални сили и 2 службени кучиња обучени за трагање. Министерството, а се осврна и на процесот за развој на Регионалниот центар за односи со јавноста во еден вид НАТО школа, како одговор на потребата на Алијансата за поголем број офицери и специјалисти за односи со јавноста на ниво на НАТО. Одбранбените аташеи се запознаа и со учеството на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија во мисии и операции предводени од НАТО, ЕУ и Обединетите нации.

# Информативен брифинг

Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, на 7 февруари, во просториите на делегацијата на Европската Унија во Скопје реализираше информативен брифинг на кој ги претстави активностите и состојбата во Армијата. Генералот Ѓурчиновски во своето обраќање пред делегацијата и во присуство на Амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, господинот Дејвид Гир, истакна дека актуелните безбедносни и здравствени предизвици ни покажаа дека единствено заеднички и обединето во сите домени на соработка можеме да ја зачувуваме благосостојбата на нашите земји, како и меѓународниот мир и поредок. Притоа, тој додаде дека со нашето усогласување со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, уште поактивно ќе продолжиме со нашиот придонес во заедничката безбедносна и одбранбена политика, како и со учество во мисии и операции, со цел промовирање на мирот и безбедноста. Пред делегацијата на Европската Унија на која присуствуваа и воените аташеи од земјите членки на ЕУ, Велика Британија и САД, акредитирани во нашата држава од страна на претставници од ГШ, беа презентирани активностите поврзани со учеството на Армијата во операциите раководени од ЕУ, капацитетите за изведување на обука и обученоста, како и тековните активности во областа на развој на капацитетите, опремувањето и модернизацијата и



идните планови. Армијата на Република Северна Македонија активно учествува во операциите на Европската Унија, ЕУФОР АЛТЕА од 2006 година и во мисијата за обука на Централноафриканската Република – „ЕУТМ ЦАР“ од 2020 година.

Подготвила: Кристина Илиевска




# Конференција „Година на нови можности“

На 31 јануари се одржа вториот дел од годишната конференција „Година на нови можности“. На Конференцијата беа реализирани 4 панели: Панел 1 „Северна Македонија како зелен енергетски хаб – како да се претвори кризата во можност“; Панел 2 „Надворешна, безбедносна и одбранбена политика, предизвици и можности за обезбедување меѓународна соработка и сигурност“; Панел 3 „Фискални, монетарни и даночни политики во време на криза“; Панел 4 „Рамномерен регионален и локален развој и придобивки од новиот систем за субвенции во земјоделството“, на коишто говореа министри, експерти, професори, претставници од невладиниот сектор.

На првиот панел посветен на енергетиката, се обрати премиерот Димитар Ковачевски, кој истакна дека „зголеменото производство на електрична енергија е основа наредниот период да имаме можно намалување на електричната енергија“. Премиерот Ковачевски исто така потенцираше дека стратегијата на Владата, како и експертите ангажирани во енергетскиот сектор, придонесоа да се зголеми производството на електричната енергија, а со тоа да дојде и до намалување на цената на електричната енергија. „Минатата година ЕСМ успеа да го зголеми производството на електрична енергија за 20% во однос на претходната година. За оваа година планот е повторно зголемување на производството на електрична енергија. Драго ми е што вчера видовме податок дека во текот на вчерашниот ден се произведени над 21 мегават час електрична енергија, што е најголемо производство во еден ден во изминатите десет години. И тоа дава основа да може да правиме пресметки врз основа на коишто нема да има зголемување на цената на електричната енергија“ рече премиерот Ковачевски. Премиерот Ковачевски рече дека, иако очекувањата на сите беа дека ќе има зголемување на цената на електричната енергија на почетокот од годината, со 100% покривање на потребите за електрична енергија за домаќинствата, сметките за малите потрошувачи се намалија за 20%. „Со менаџирање, Владата не дозволи да има недостатокот од електрична енергија, а со тоа спречи ценовен шок и за граѓаните и за компаниите. Владата минатата година одвои 760 милиони евра, што според податоците од Светска банка е најголем пакет на антикризни мерки споредено со сите земји од регионот. Со тоа успеавме да ја субвенционираме цената на електрична енергија до 80%. Да не беше



таа субвенција, цената на електрична енергија за 600.000 домаќинства ќе беше пет пати повисока. Малите потрошувачи кои се на регулираниот пазар, ќе плаќаа три пати повисоки сметки за струја. Од тој аспект сметам дека кризата беше добро менаџирана, бидејќи сите увидовме дека ценовен шок нема и нема да има“, истакна премиерот Ковачевски на панелот.
Премиерот посочи дека инвестициите на Владата во зелената трансформација на земјата се движат во неколку насоки, со што ќе се обезбеди национална енергетска независност, поврзување и диверзификација на енергенси за државата, инвестиции во обновливите извори на енергија, при што минатата година се инсталирани обновливи извори на енергија над 150 мегавати, што снабдуваат некаде околу 67.000 домаќинства со електрична енергија, унапредување на дистрибутивната и преносната електроенергетска мрежа преку граничното поврзување со сите земји од регионот.
Министерката за одбрана Славјанка Петровска учествуваше на панел-дискусијата посветена на надворешната и безбедносна политика, која се одржа во рамки на конференцијата „Година на нови можности“. На панелот, министерката се осврна на позицијата на Северна Македонија во однос на безбедносните предизвици на континентот и укажа на придобивките за земјата од членството во Алијансата во која 30 земји се обединети и здружени во гарантирањето на безбедноста на секоја педа сојузничка територија. „Многупати во периодот по 24 февруари 2022 година го добивав истото прашање – дали Северна Македонија е безбедна? Одговорот, без сомневање, јасно и гласно беше кажан – „да“. Нашата татковина и денес, заедно со прогресивните земји, здружени од современите вредности и идеали, ја гарантира сопствената безбедност и дава свој придонес кон колективната безбедност во НАТО“, рече министерката.
Во однос на развојот на одбраната и Армијата, Петровска истакна дека за да имаме силна армија вложуваме во опремување и модернизација, но не смееме да го заборавиме човечкиот капацитет, и во тој контекст ги образложи измените во Законот за служба во Армијата минатата година, кои донесоа сет придобивки за армиските припадници, како и законското решение за вработените во одбраната кое е во финална фаза на изработка. „Не можете да имате силна армија ако се потпрете само на опремата и вооружувањето, а притоа го занемарите човечкиот капацитет. Токму тоа беше и целта на донесувањето на овие измени и дополни на Законот за служба во Армијата, со кои уште повеќе придонесовме за кревање на стандардот на припадниците на македонската армија и, притоа, она што е најважно, создадовме услови за привлекување на млади кадри. Можам да споменам само неколку придобивки: редовно покачување на платите, усогласување со минималната плата, понатаму опремнина за секој војник кој ќе наврши 45 години и тоа во износ кој е поврзан со просечната плата, понатаму следуваат и додатоците за станарина што, исто така, претставува дополнителна мотивација или дополнително зголемување на стандардот, но истовремено се отвора можноста и за стипендирање на млади кадри“, рече министерката на панел-дискусијата.
Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, посочи дека 2022 година за МВР беше успешна година со 2,4 тони запленета дрога со вкупна вредност од околу шест милиони евра, со околу 20 тони прекурзори за производство на синтетичка дрога и со рекордни 10,3 тони уништена дрога. Тој потсети дека во 2022 година се сузбиени 15 криминални групи во кои членувале 79 лица, најголемиот број во областа на недозволената трговија со дрога - 12 составени од 51 член, а спречени се вкупно осум меѓународни транспорти, од кои шест на марихуана и по еден на кокаин и хероин. „Борбата против трговијата со дрога и оружје, впрочем како и борбата против корупцијата, остануваат меѓу врвните приоритети на МВР и во 2023 година. Ако 2021 година ја завршивме со над 50 отсто зголемување на откривачката функција на полицијата на кривични дела поврзани со корупцијата и спречени коруптивни дејствија во вредност од околу 149 милиони денари, во 2022 година откривме 124 коруптивни кривични дела, за кои кривично се пријавени 164 сторители, со кои била причинета материјална штета, поголема од 227 милиони денари“, рече министерот Спасовски.
На панел-дискусијата учествуваа и деканот на Факултетот за безбедност, проф. д-р Никола Дујовски и претседателот на Евроатлантскиот совет, Исмет Рамадани, а свое видеообраќање имаше и министерот за надворешни работи, Бујар Османи.
Со четвртиот панел се заврши дводневната годишна конференција „Година на нови можности“, организирана со цел констатирање на резултатите од работата на Владата во изминатата година и на предизвиците и перспективите на општествено-политички план за претстојната 2023 година.

Кристина Илиевска






# Идниот надзор во воздушниот простор на НАТО сојузниците

## (Alliance Future Surveillance and Control – AFSC)

Иницијативата за идниот воздушен надзор и контрола од страна на Алијансата (Alliance Future Surveillance and Control – AFSC) се однесува на понатамошната мисија на НАТО за надгледување на небото над сојузничката територија. Овој систем може да се користи во сите временски услови за офанзивни и дефанзивни воздушни операции, за извршување надзор, како и за функциите на командување и контрола

Сегашната флота на авиони од Системот за воздушно предупредување и контрола (познати како Airborne Warning and Control System – AWACS), ќе го достигне крајот на својата употреба во 2035 година. Овој радарски систем, дизајниран за рано откривање и дефинирање на воздухопловите во одреден воздушен простор, бил одобрен во декември 1978 година од Комитетот за планирање во одбраната. Набргу дошло до пренамена на околу 40 локации заради компатибилноста со овие авиони кои вршеле набљудување на воздушниот простор од Норвешка на север до Турција на југ. Детекцијата се врши на пријателски и непријателски воздухоплови, од многу голема височина и на стотици километри оддалеченост. Целта на системот е да собира податоци и информации, истите мора да се обработат, а потоа да се трансформираат во разузнавачки информации. Овие информации може да се искористат за донесување навремени одлуки во делот на военото или политичкото одлучување, посебно во насока на спречување на изненадувања, командување и заштита на сојузничките воени сили. Искуствено, операцијата во Либија во 2011 година открила бројни недостатоци. Разузнавањето, надзорот и извидувањето (Intelligence, Surveillance, Reconnaissance - ISR) не биле достапни во првите пет дена од операцијата. Експертите од воздух се мачеле да ги разликуваат бунтовниците од силите лојални на Моамер Гадафи, како и да ги идентификуваат брзите движечки цели кои се многу потешки за напад од фиксните цели како што се магацините за оружје. Разликата помеѓу повеќето воени фракции се покажала речиси невозможна без постојаните средства на системот кои би можеле да ги идентификуваат моделите на движења.

Во 2021 година, НАТО го започна вториот круг на подетални студии за да се процени изводливоста на предложените концепти. Почнувајќи од 2023 година, НАТО ќе го анализира предложениот концепт AFSC во однос на инвентарот на способности на Алијансата. Компаниите „Airbus Defense and Space“, заедно со Northrop Grumman Corporation, како и со други компании, го формираат тимот ASPAARO (Atlantic Strategic Partnership for Advanced All-domain Resilient Operations). Тие се избрани од NSPA да спроведат една од трите студии за намалување на ризик, физибилити на проектот, а студиите имаат цел да предложат и нови технички решенија.

**Потреба од идниот воздушен надзор и контрола**

НАТО проучува низа нови технологии и различни опции за замена на авионите AWACS – „очите на небото“ на НАТО.



Тие може да вклучуваат различни комбинации на системи во воздух, на копно, на море, во вселената и во сајбер-просторот. Барањата за AFSC на НАТО може да се исполнат преку комбинација на национални, мултинационални, како и решенија финансирани од НАТО. На овој начин, Алијансата помага да се информираат сојузниците за идните одлуки, како и за нивното долгорочно планирање и стекнување нови способности.
Сите 30 сојузници во моментов соработуваат во планирањето и снабдувањето со ресурси наменети за оваа програма. Според зборовите на воениот стратег Клаузевиц: „Војната е царство на неизвесноста, а три четвртини од факторите на кои се заснова една акција во војната се обвиткани во магла на поголема или помала неизвесност“. Разузнавањето, надзорот и извидувањето (ISR) се критична компонента за да се отстрани „маглата на војната“, а точното разузнавање може да обезбеди одлучувачка предност.
Додека надзорот е постојано следење на целта (воздушен простор на НАТО), извидувањето е повеќе насочена активност, со цел да се одговори на одредени прашања (следење на брод од интерес во Средоземното Море). Иницијативата за иден надзор и контрола на Алијансата (AFSC) се однесува на тоа како НАТО ќе продолжи ефикасно да го надгледува небото над сојузничката територија, кога нејзината сегашна флота на авиони од Системот за воздушно предупредување и контрола (AWACS) ќе го достигне крајот на својот век на употреба во 2035 година.
После Самитот на НАТО во Варшава во 2016 година, Алијансата го започна процесот на дефинирање опции за идните капацитети за надзор и контрола, откако последниот авион AWACS ќе биде приземјен. Со цел да се земат предвид идните закани и новите технологии, НАТО континуирано работи со експерти од науката, технологијата, индустријата и воените области, заради поттикнување иновативни решенија и стекнување нови способности. Во февруари 2017 година, Северноатлантскиот совет ја иницираше Концептната фаза AFSC со Агенцијата за поддршка и набавки (NATO Support and Procurement Agency – NSPA), како водечка агенција за спроведување студии и развој на техничките концепти. При крајот на март 2020 година, шест конзорциуми на сојузничките компании доставија концептуални студии, давајќи првични погледи за тоа како НАТО може да ги исполни барањата за AFSC до 2035 година (Airbus Defence and Space; Boeing заедно со Indra, Inmarsat, Leonardo и Thales; General Atomics; L3Harris заедно со 3SDL, Deloitte Consulting, Hensoldt Sensors, IBM, Musketeer Solutions, Synergeticon и Videns; Lockheed Martin; MDA Systems заедно со General Dynamics Mission Systems). Проектот е управуван од проектна канцеларија чиј домаќин е Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО, лоцирана во Луксембург. НАТО AWACS-ите вршат уникатна и вредна улога на Алијансата, преку спроведување широк спектар на мисии. Како систем за набљудување, флотата AWACS, исто така носи разновидна опрема, модерна авионика, опрема за навигација и системи за обработка на податоци. Еден таков систем е Здружениот тактички информационен дистрибутивен систем (Joint Tactical Information Distribution System - JTIDS), кој веднаш ги пренесува сите вредни и стратешки важни информации на сојузниците. Во повеќето случаи ангажираниот персонал на воздухопловите врвно се обучува во согласност со стратегијата за радари, електронски и комуникациски техники. Сите мисии започнуваат преку Air Tasking Order (ATO), при што секој член ги знае своите задачи и што е потребно да изврши во одреден момент. Во ATO се дадени податоци за полетување, дестинација и кој е кој (пријател-сини сили и непријател-црвени сили). Распознавањето се врши преку системот IFF (Identification Friend or Foe), а во текот на летот, една мисија може да се промени преку издавање ново ATO. Во последните неколку години на сила се доделени извршувања на сложени и тешки тактички мисии како што се: поддршка за поморски операции, блиска воздушна поддршка, менаџирање на воздушниот простор, како и борбено барање и спасување.

Драган Павловски






# Значењето на безбедноста на класифицираните информации во одбраната и Армијата

Мотивот да се пишува за оваа значајна и сè поважна област во одбраната и Армијата, а може слободно да кажеме и за сите државни институции, го наоѓаме во фактот што досега речиси и да не се пишувало за темата во магазинот „Штит“. Не е едноставно да пишувате за безбедноста на класифицираните информации (КИ), а притоа да не можете и да не смеете да користите класифицирани информации и таквото пишување сепак да биде информативно и интересно за читателите на „Штит“

За обичниот читател, кога ќе се спомене безбедност на КИ, најпрво асоцира на тајни информации, безбедносни сертификати (БС) и процесот за ресертифицирање за добивање на безбедносни сертификати. Но, тоа се само најупотребувани и најекспонирани поими во јавноста, додека областа на заштитата на КИ опфаќа повеќе мерки и активности за административна, физичка и индустриска безбедност, безбедност на комуникациско-информациските системи и безбедност на лица корисници на КИ (персонала безбедност).

Заштитата на класифицираните информации во Министерството за одбрана (МО) и Армијата отсекогаш била важна активност која има директно влијание на борбената готовност на командите и единиците и на ефикасноста и ефективноста во работењето на организациските единици во МО. Оваа област во МО и Армијата се развива уште од самото нивно формирање. Во првите десетина години, заштитата се однесуваше, пред сè, на националните КИ, а со приклучувањето на државата во иницијативата „Партнерство за мир“ на НАТО, во одреден обем и на НАТО КИ. Но, со полноправното членство во НАТО алијансата во март 2020 година, безбедноста на КИ во МО и Армијата е ставена меѓу највисоките приоритети и подразбира преземање на мерки и активности за заштита, како на националните така и на НАТО и ЕУ КИ.

Појдовна точка, или основа за планирање, организирање и примена на мерките за безбедност на националните и НАТО и ЕУ КИ се одредбите во Законот за класифицирани информации, додека централно владино тело за областа безбедност на КИ во државата е Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), формирана како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Пред да навлеземе во подетаљно

За да се овозможи во секојдневната работа ефикасна и координирана примена на правата и обврските кои се однесуваат на КИ и стручно да им се помогне на вработените лица, во МО и Армијата се определуваат и офицери за безбедност на класифицирани информации. Законодавецот јасно ја нагласил важноста на улогата на офицерите за безбедност на КИ и од тие причини во Законот за класифицирани информации конкретно ги навел нивните задачи




образложување на материјата, да кажеме што се подразбира под поимот класифицирана информација. Според законот: „Класифицирана информација е информација од делокругот на работата на орган на државната и локалната власт, основан во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, правно лице основано од републиката или општините, градот Скопје и општините во градот Скопје или други правни лица, информација којашто се однесува на јавната безбедност, одбраната, надворешните работи или безбедносни и разузнавачки активности на државата, која според закон мора да се заштити од неовластен пристап и е обележана со соодветен степен на класификација во согласност со овој закон. Класифицирани информации може да претставуваат и документи, технички средства, машини, опрема, односно одвоени компоненти или оружје или алати што се произведени или се во процес на производство, како и доверливите пронајдоци што се однесуваат на одбраната и се од интерес на безбедноста на државата.“
Веднаш да нагласиме дека Законот за класифицирани информации, кој е изгласан во декември 2019 година во Собранието на државата, во целост е усогласен со стандардите, директивите и протоколите донесени во НАТО алијансата.
Безбедноста на КИ во одбраната и Армијата има основа и во Законот за одбрана и во Законот за служба во Армијата. Така, во Законот за одбрана е наведено дека: „Припадниците на Армијата (и на МО) се должни да ги чуваат и штитат класифицираните информации од значење за Армијата (и одбраната) и да ги извршуваат пропишаните мерки за нивна заштита во согласност со закон“. Додека, пак, во Законот за служба во Армијата е наведено: „Воениот и цивилниот персонал е должен со КИ да постапува во согласност со прописите од областа на класифицираните информации. Обврската за чување на КИ за која се дознало во вршењето или во врска со вршењето на службата, воениот и цивилниот персонал е должен да ја чува и по завршувањето на службата. Согласност за ослободување од чување на КИ дава министерот за одбрана.“
Мерките и активностите за заштита на



Административните службеници и одговорните лица во МО, како и припадниците на Армијата, при создавањето на КИ и документи се должни соодветно да го определат степенот на класификација на информацијата, а во зависност од определениот степен на класификација, да се преземаат мерки и активности за нивна физичка, административна, комуникациско-информациска или персонална безбедност




КИ, како што спомнавме претходно, опфаќаат: административна, физичка и индустриска безбедност, безбедност на комуникациско-информациски системи и персонална безбедност или безбедност на лица-корисници на КИ. Додека, критериуми за утврдување на мерките за заштита на КИ се: определување на степенот на класификација (кој може да биде: „државна тајна“, „строго доверливо“, „доверливо“ и „интерно“); обемот и формата на КИ и процената на ризикот за безбедност на КИ.
Министерството за одбрана, особено Армијата, се институции со голем број на вработени лица кои во секојдневното работење ракуваат со многу класифицирани информации. Организациската поставеност на МО и на Армијата според систематизацијата и во согласност со формацијата, подразбира воспоставен систем на хиерархија, субординација и односи кои овозможуваат организирана работа на сите вработени и спроведување на задачите, проектите, плановите и програмите во повеќе области, а со тоа и во областа на безбедноста на КИ.
Административните службеници и одговорните лица во МО, како и припадниците на Армијата, при создавањето на КИ и документи се должни соодветно да го определат степенот на класификација на информацијата, а во зависност од определениот степен на класификација, да се преземаат мерки и активности за нивна физичка, административна, комуникациско-информациска или персонална безбедност. За да се овозможи во секојдневната работа ефикасна и координирана примена на правата и обврските кои се однесуваат на КИ и стручно да им се помогне на вработените лица, во МО и Армијата се определуваат и офицери за безбедност на класифицирани информации.
Законодавецот јасно ја нагласил важноста на улогата на офицерите за безбедност на КИ и од тие причини во Законот за класифицирани информации конкретно ги навел нивните задачи. Тие се однесуваат на грижа за спроведување на одредбите од законот, на проверка на евиденциите и протокот на документите, за спроведување на постапката за доставување на барања за издавање на безбедносни сертификати и водење на соодветни евиденции, известување на ДБКИ за настанати промени во постапките, евидентирање на случаи на неовластен пристап до КИ, информирање на корисниците на КИ за нивните права и обврски, да спроведуваат обука за корисниците на КИ, да изработува квартални извештаи и годишен план за работа. Во согласност со овие одредби и обврските и задачите дадени во акти/решенија на МО и во наредби на НГШ на Армијата, на ниво на МО и Армијата се определени повеќе офицери за безбедност на КИ.
Законското постапување и работа со класифицирани информации подразбира сите корисници на КИ да имаат обезбедено/добиено безбедносен сертификат (БС) за пристап до соодветен степен на национални класифицирани информации. Потребата за поседување на БС со соодветен степен, произлегува од описот на должностите на секое работно место. Еден од основните принципи при определувањето на нивото на БС што треба да го поседува лицето е принципот: „Потребно е да знае“. Според овој принцип се утврдува корисникот кој има потреба за пристап до КИ заради извршување на функцијата или на службената должност и службените овластувања, на дејноста или за спроведување на класифицирани договори. Поседувањето на соодветен БС и постапката за негово добивање, секако е една од најинтересните теми за сите вработени лица во МО и Армијата. Постапката за поднесување на барање и за негово решавање од страна на надлежните органи (ДБКИ и С-СВБиР во МО), точно е предвидена во соодветни членови од законот. Роковите за решавање на барањата, во зависност за кој степен на БС е барањето, варираат од 4 до 6 месеци. Ќе истакнеме дека решавањето на барањата на припадниците на Армијата и на вработените во МО е сложен и континуиран процес, кој бара голем ангажман на надлежните органи.
Со пристапувањето на државата во НАТО алијансата се отвори прашањето за тоа кој персонал во МО и Армијата ќе треба да поседува и НАТО БС. Овој процес на ресертифицирање на вработените во МО и Армијата, кои покрај националниот БС ќе треба да поседуваат и НАТО и ЕУ БС, многу е значаен и комплексен и се спроведува континуирано во изминатите 2 години. За општите специфики на овој процес и за позначајните карактеристики на комуникациско-информациската безбедност на КИ во МО и Армијата, ќе образложиме повеќе во вториот дел.




д-р Златко Кузманов




# Под знамето на ОН

## Безбедност на персоналот во мировните мисии на ОН

Безбедноста на мировниците на Обединетите нации (ОН) секогаш, во секоја мировна операција, е врвен приоритет за планерите во Одделот за мировни операции (DPO), а тоа прашање е и во фокусот на сите планирања на операциите и дебати кои ја разгледуваат оваа компонента на мировните мисии

Ризикот кој произлегува од заканите од планирани акти на насилство против персоналот на ОН во мировните мисии, сè повеќе е предмет за анализи и заклучоци во процесот на донесување одлуки во командите на мировните операции на ОН. Но, и покрај тоа, многу аспекти во врска со насилствата врз мировниците на ОН, остануваат недоволно проучени, иако се од голема важност за ефективноста на мировните операции и спроведувањето на мандатите. Последниве години забележан е голем напредокот во врска со прашањето на заштитата на мировниците од евентуални напади и причинување штета врз техниката која ја употребуваат, насочувајќи го персоналот на подобрување на нивниот пристап до поквалитетна обука и поквалитетна опрема. Вложени се и дополнителни напори за евидентирање и анализа на моделитетите на напади врз персоналот, вклучително и за планерите и извршителите на овие напади, како и можните последици. Врз основа на сево ова, публикувани се и одредени студии, со цел поттикнување дискусии на форуми и други настани посветени на безбедноста на мировниците.

Од примената на насилство врз персоналот на ОН, изминативе децении веќе се извлечени одредени искуства, успешно применети во неколку случаи на напади врз „Сините шлемови“ – во Конго во 1960-тите и во Руанда, Сомалија и на Балканот во 1990-тите. Примената на современото мултидимензионално одржување на мирот, кое се карактеризира со конкретни мандати и со распоредување „Сините шлемови“ онаму каде што има малку или воопшто нема мир, содржи безбедносни ризици по персоналот на ОН сама по себе. Примери за ова се нападите врз мировници во Централната Африканска Република, Мали и Демократска Република Конго, примери со кои се демонстрира непријателското, насилното и ризично опкружување во кое мировниците на ОН ги исполнуваат мандатите на терен. Најризична тековна мировна мисија на ОН досега е мултидимензионалната интегрирана мисија за стабилизација на ОН во Мали (MINUSMA), која е и најсоодветен пример за делување во опасни средини за мировниците.

Сепак, студиите покажуваат дека безбедносните ризици – евидентирани смртни случаи на мировници од изведени насилни дејства, со текот на времето варираат, кога се зема предвид бројот на мировен персонал, распореден и забележан во подолг временски период (шеми 1 и 2). Периодите на зголемени







Искуства од различни мисии на ОН покажуваат дека по распоредување на персоналот на терен, планираните и организирани напади и акти на насилство врз мировниците, може во голема мера негативно да влијае врз способноста на персоналот да дејствуваат ефикасно. Голема е веројатноста ваквите напади директно да влијаат и на крајниот резултат и на резултатите од исполнувањето на мисијата од страна на „Сините шлемови“

ризици се поврзани со специфични, особено опасни мисии на ОН. Но, мировниците доживуваат насилство и во многу други мисии и различни средини, и не е возможно да се предвидат и да се заштити мировниот персонал од нападите во одредени региони, временски периоди или од страна на одредени извршители на тие насилства. Направените анализи на тие насилни акти нудат различни објаснувања за тоа зошто извршителите на насилства понекогаш ги таргетираат и мировниците, заедно со цивилите или одделни вооружени групи. Одредени заклучоци нагласуваат дека сè поголемиот број на прецизно определени и јасни мандати, како и одредби за употреба на сила во Правилата за употреба (ROE) на „Сините шлемови“, го зголемува и ризикот од насилство врз нив. Со тоа објективно се доведува во прашање непристрасноста на мировниците, а со тоа стануваат и „легитимни“ цели за напади од страна на најразлични незадоволни групации и поединци. Има и аналитичари кои тврдат дека целосното и стриктно исполнување на доделените мандати е повеќе неуспех за мировниците, зголемувајќи го така и ризикот од напади врз нив. На крајот, ниту едно објаснување или анализа не може целосно да ги објасни причините за насилства, забележани во ризичните мировни мисии.
Едно неодамнешно истражување, засновано на анализи и документи од команди на мировни мисии, се фокусирало на истражување на логиката на планерите и извршителите на напади врз мировните контингенти. Компаративните анализи покажуваат дека е поголем ризикот од насилство врз персонал на ОН во региони или земји-домаќини на мировни мисии на ОН, каде вооружените бунтовнички групи се релативно посилни од владата на земјата-домаќин, а особено изразени се кога нивното влијание и моќ се покажале како големи во претходните вооружени конфликти. Заклучоците од посебните анализи ја дефинираат целта на сторителите при вршење насилство во насока на нарушување на резултатите од напорите на мировните сили за спроведување на мандатот. Целта ја опфаќа и намерата на актерите на насилство, за попречување на напорите на мировниците за заштита на цивилите и општествените заедници.
Една од анализите на истото истражување било направено со цел да се согледаат начините на влијание на насилството (нападите) врз мировните сили на ОН. Најпрвин, мировниците на ОН, непосредно нападнати, лично ги сносат последиците од таквите акти. Тоа, исто така, е поврзано и пошироко, со негативни последици, најмногу врз системот за генерирање сили и непосредно врз операциите на теренот. Самиот систем за генерирање сили е во директна поврзаност со земјите контрибутори со воени и полициски контингенти во мировните мисии, па и високиот ризик по животот и здравјето на персоналот кој се упатува во конкретната мисија е дефиниран како можен фактор кој влијае на подготвеноста и расположеноста на земјите контрибутори за придонес во мисиите на ОН со персонал. Искуства од различни мисии на ОН покажуваат дека по распоредување на персоналот на терен, планираните и организирани напади и акти на насилство врз мировниците, може во голема мера негативно да влијае врз способноста на персоналот да дејствуваат ефикасно. Голема е

Аналитичарите потврдуваат дека заштитата на мировниците и понатаму останува еден од врвните приоритети во процесот на планирање и имплементирање на мировните мисии. Истовремено ќе се вложува и повеќе напор во проучувањето на моделите и извршителите на нападите врз мировниците, како и на влијанијата на нападите врз исполнувањето на мировната мисија




веројатноста ваквите напади директно да влијаат и на крајниот резултат и на резултатите од исполнувањето на мисијата од страна на „Сините шлемови“. Искуствата од теренот покажуваат дека извршувањето на задачи во опкружување со висок ризик од закани по животот, може лесно да предизвика и непотребна (па и недозволена) употреба на сила. Ова, самото по себе претставува дополнителен ризик во постигнувањето на поставените цели и може да создаде услови за извршување ненадејни напади врз мировните сили. Во тие случаи се поставува прашање за квалитетот на подготовките на „Сините шлемови“ за земање предвид на ризиците и нивно соодветно постапување во разни ситуации на терен, со цел задачите и целите да бидат исполнети.

Вложувањето напори за намалување на ризиците од закани по животот на мировниот персонал, дополнително негативно влијае на исполнувањето на мисијата. Ваквите напори честопати ја намалуваат мобилноста и опсегот на активности на мировниците на терен, оддалечувајќи се од директен контакт со локалните заедници. Мерките за намалување на ризикот од напади врз мировниците редовно вклучуваат и ограничување на движењата надвор од базата и концентрирање на персоналот на ОН во добро обезбедени бази. Со зголемувањето на бројот на персонал и капацитети за обезбедување на базите и мировниците, се намалуваат капацитетите за спроведување на операциите за поддршка на локалните заедници, вклучително и за клучните цели – заштитата на цивилното население. Ваквото дистанцирање од директна комуникација со локалното население значително го попречува процесот на прибирање информации од теренот, неопходни за спроведувањето мерки за заштита на животот и здравјето на мировниците.



Аналитичарите потврдуваат дека заштитата на мировниците останува и понатаму еден од врвните приоритети во процесот на планирање и имплементирање на мировните мисии. Истовремено ќе се вложува и повеќе напор во проучувањето на моделите и извршителите на нападите врз мировниците, како и на влијанијата на нападите врз исполнувањето на мировната мисија. Проучувањето на тактиките и „актерите“ на напади е основа за осмислување соодветни оперативни одговори на мировните контингенти, и истото се заснова на систематски прибрани информации и податоци, со помош на пристап до постоечка база на податоци, и мерки и активности кои се применуваат во континуитет.

Заклучоците од анализите, имајќи ги предвид последиците од насилството насочено кон мировниот персонал, веќе резултираат со поефикасни одговори на „Сините шлемови“ на напади. Продолжува истражувањето на нови методи на искористување на нови податоци, технологии и вештини за анализа, со цел подобрување на безбедноста на персоналот на ОН во мировни мисии. Овде се вбројува и пристапот кон заштита и на цивилното население и на институциите на земјата домаќин, барајќи начини како истите можат да придонесат кон безбедноста на мировниците. Во планирањето поддршка на операциите на терен, веќе се најавува поширока примена на модерната технологија (вештачка интелигенција, беспилотни летала, GPS итн.).

М.С.




# Јазот во економскиот развој на „стара и нова Европа“

Триесет години после падот на Берлинскиот ѕид и почетокот на долгиот процес на реунификација, Европа дојде до историска точка на пресврт. ЕУ се соочува со повеќекратни внатрешни закани, вклучително и наметливата Русија, растечкиот глобален економски натпревар и геополитичкиот пресврт

Пред повеќе од две декади, поранешните комунистички држави се приклучија кон ЕУ, што претставува придобивка за целиот континент и Трансатлантската алијанса. Меѓутоа, економската и инфраструктурна интеграција на ЕУ сè уште не е завршена. Гасоводите, далноводите, патната и железничка и комуникациска инфраструктура остануваат недоволно развиени и во Централна и во Источна Европа (Koranyi and Brzezinski, 2015).

Нотерен факт е дека постои сериозен гап во економскиот, енергетскиот, инфраструктурниот, трговскиот, транспортниот и во другите сектори меѓу Западна Европа од една страна и Источна и Централна Европа од друга страна. Ваквиот дисбаланс во развојот, ја става отпорноста на Европа пред сериозен предизвик во однос на новите безбедносни предизвици. Отпорноста на ЕУ е доведена под прашање, загрозувајќи ја безбедноста на Евроатлантската заедница. Економскиот раст и енергетската безбедност се основата на таа отпорност, но и двете се слабата карика во веригата на Европа (Koranyi and Brzezinski, 2015). Неопходно е Европа да инвестира повеќе во однос на економската отпорност како целина, а не на одделни региони. Таквата политика би придонела за јакнење на соработката во Европа. Поради тоа, новите членки на ЕУ од Источна и Централна Европа формираа различни иницијативи за соработка, со цел да го намалат овој јаз во развојот (Brzezinski, 2021 ). Таква иницијатива е „The Three Seas and 16+1 Initiatives“, која е поврзана и неделива од Европа. Оваа иницијатива, заедно со северниот коридор, претставуваат алатка во спречување на економска и енергетска експанзија на Русија. Целта на оваа иницијатива е да се поттикне и да се зголеми натпреварот во економски поглед меѓу државите.

Северно-јужниот коридор на енергија, транспорт и телекомуникации ќе ги поврзе економиите на Централна Европа со оние на Западна Европа. Станува збор за коридор кој ќе обезбеди инфраструктурна основа, неопходна за единствениот европски пазар и ја редуцира енергетската зависност од Русија. Со зголемување на ефикасните прекугранични трансакции, коридорот ќе ја зајакне глобалната конкурентност и економската отпорност на Европа во целост и ќе придонесе за остварување

на климатските цели на Европа (Koranyi and Brzezinski, 2015).
Очекувањата се дека иницијативата за овој коридор ќе придонесе за зајакнување на соработката во рамки на економијата, инфраструктурата, енергетиката меѓу Источна, Централна и Западна Европа, но не значи и зајакнување на довербата со приватните инвеститори и партнерите. Таквата можност е реална затоа што во оваа иницијатива е вклучен и приватниот сектор преку инвестициски фондови и финансиски структури. Земјите на оваа иницијатива сочинуваат 28% од територијата на ЕУ и 22% од нејзината популација. Првиот предизвик е гапот во однос на економијата, инфраструктурата и енергетската стабилност меѓу Западна Европа од една страна и Источна и Централна Европа од друга страна , што се проценува на 500 милијарди евра во корист на Западна Европа.
Со цел намалување на овој гап, како приоритет на оваа иницијатива е поставена изградбата на силни економии и зголемувањето на БДП на 12 земји од оваа иницијатива. Преку територијата на државите од оваа иницијатива транзитираат гасоводите од Русија кон Европа. Енергетската стабилност е многу важна за економската стабилност на овие држави, поради што инвестирањето во овој дел на Европа е многу значајна стратегиска алатка и е во согласност со геостратегиските интереси на ЕУ (Grabar-Kitarovic, 2021).
Вториот предизвик за ЕУ е растечката економска моќ на Кина и нејзиното ширење на тлото на Европа. Ова влијание на Кина врз земјите од Европа се манифестира преку нејзините директни инвестиции во различни области. Почнувајќи од средината на 2017 година имаше многу дискусии за растот на влијанието на Кина и потенцијалните предизвици, вклучувајќи ги и заканите по безбедноста. Овие дискусии вклучуваа обвинувања за протекционизам, пријателски капитализам и обиди да се создадат геополитички сфери на влијанието од Кина. Геополитичките закани се поврзуваа со растечкото влијание на Кина во регионите и се претставуваат во негативна конотација, но привлекоа само ограничено внимание од медиумите. Имаше и некои погледи кои покажуваа на „меката моќ“ која ја користи Кина како позитивен развој кој може да предизвика одредени безбедносни предизвици преку обезбедување на потребниот економски развој (Turcsányi and Kachlíková, 2020).
Денес Кина е глобален играч кој има значајни инвестиции во Африка и во Јужна Америка и сега се обидува да влезе што е можно повеќе и на европско тло. Колку поголеми се инвестициите на Кина во Европа толку Европа станува позависна од Кина. Најсилно изразено е влијанието на Кина во Србија и во Црна Гора но, исто така, опфатени се и дел од земјите на ЕУ. Кина се обидува да воспостави партнерски однос со ЕУ, а НАТО не сака да ги заострува односите со Пекинг во однос на инвестициите на Кина во Европа. Тоа ја прави Кина важен економски, безбедносен и политички актер во регионот на Западен Балкан.
Се проценува дека директните странски инвестиции на Кина во државите од Западен Балкан се околу 20% од вкупните странски идиректни инвестиции во овие земји. Црна Гора е најзависна држава, која е исправена пред сериозен предизвик за сервисирање на долговите кон Кина (Turcsanyi, 2021).
ЕУ мора да изнајде соодветни механизми како да го намали економскиот и развојниот гап меѓу т.н. стари и нови членки на Унијата. Фактите говорат дека тој јаз во развојот во сите области континуирано се продлабочува и неопходно е брзо да се дејствува. Инертноста во дејствувањето ги приморува помалку развиените членки на Унијата да се здружуваат внатрешно преку креирање на механизми за регионална соработка со цел да го забрзаат нивниот развој. Оваа можност може да ја искористат Русија и Кина и да влијаат на нивниот развој преку зголемени инвестиции во критичните области.
Војната во Украина пак, од друга страна го наметна предизвикот со зголемена цена на енергенсите на светските пазари кое дополнително влијае врз развојот на овие држави и го продлабочува јазот. Кина, исто така гледа можност во ваквата ситуација и сака да ја искористи во своја полза. Инвестициите од Кина во државите на Западен Балкан предизвика нивна зависност и неможност навремено да ги сервисираат долговите. Со ваков предизвик моментално се соочува Црна Гора. За да го редуцира влијанието на Кина, ЕУ неопходно е да ги зголеми инвестициите во новите членки, но и да подаде рака на државите од Западен Балкан преку отворање на нејзините развојни и инвестициски фондови за забрзување на економскиот и друг развој.

д-р Игор Ѓорески







# Операција „Фокус“

Израел е синоним на борба за опстанок, вечна состојба на „заспана војна“, дури и кога активно не постојат непријателства. Со оглед на условите на геостратешка инфериорност, Израел не може да постигне целосна стратешка победа ниту со еднострано наметнување мир ниту преку воени средства. Израел е соочен со војните без свој избор (ein brera) и стои сам. Мора да ја задржи својата квалитативна военотехнолошка предност во услови на геостратегиска инфериорност. „Основните постојани стратешки фактори кои ги карактеризираа околностите на Израел, по автоматизам ги дефинираа заканите и ограничувањата, одредувајќи ги целите што би можеле да бидат донесени во границите на нејзината моќ'', пишувал Мајкл Хендл 1977 година.

Освен сметана како пресвртница во современата историја и дента кога се измени мапата на Блискиот Исток, (од еврејски: דקומ עצבמ‎, Mivtza Moked; позната и како”Sinai Air Strike”), операцијата „Фокус“, позната е и како „воздушниот напад на Синај“ или „иницијалната railcaписла“ на шестдневната војна која ја разобличи тогашната геополитичка архитектура на Блискиот Исток. По децении непријателство, во текот на 1967 година тензиите кулминираа на Блискиот Исток – арапските држави кои го опкружуваа Израел формираа сојузи, заземајќи тврдокорни позиции кон еврејската држава. Средината на мај 1967 година, израелската армија се соочи со низа напади – претседателот на Египет, Габал Абдел Насер, започна со стационирање на неговите трупи на Синајскиот Полуостров, бркајќи ги силите на Обединетите нации кои заедно со израелската војска цела декада го одржуваа кревкиот мир. Истовремено, Тиранскиот Теснец беше затворен од страна на Египет, при што Израел се соочи со опасност од блокади и исцрпување на нафтените резерви и по автоматизам – редуцирање на борбената готовност. Како што ситуацијата на Блискиот Исток се влошуваше, американскиот претседател Линдон Б. Џонсон ги предупреди двете страни да не го испукаат првиот истрел и се обиде да добие поддршка за меѓународна поморска операција за повторно отворање на Тиранскиот Теснец, но безуспешно.

Малата територија на Израел, опкружена со непријателски и посилни армии, сфаќаше дека нема друг начин за опстанок. Најдобрата шанса за опстанок беше да се примени факторот на изненадување на непријателот. 1962 година генерал-мајор Езер Вајцман, командант на воздушните сили, веќе имаше испланирано операција која целосно ќе ги уништи воздухопловните сили на непријателските, соседни држави. За мисијата да биде успешна, мораше да бидат бомбардирани сите аеродроми и хангари. Задачата беше заштитена со највисок степен на тајност. Наредбата беше концизна: пилотите ќе летаат на мала височина и се забранува да се користи каква било форма на комуникација, за каква било причина, ниту при полетување, ниту во текот на летот, па дури и доколку пилотот е онеспособен. Контакт ќе се воспостави по завршување на задачата. Три години пред почетокот на војната, во 1964 година, израелската армија целосно ја имаше испланирано мисијата. Мисијата го доби името операција „Фокус“. Тогашниот командант на воздухопловните сили, генерал-мајор Ход Мортдекај и генерал-потполковник

Јицак Рабин, тогашниот началник на Генералштабот на Армијата, на 4 јуни 1967 година донесуваат оперативна наредба да започнат со извршување. По одобрувањето од страна на врховниот командант и политичкиот врв на државата, неколку офицери стационирани во воздухопловната база се повикани да ги добијат задачите кои ќе ги променат нивните животи.
Околу 4 часот изутрина пилотите добиваат инструкции за нападот кој треба да се случи во 7 и 45 минути изутрина на 5 јуни по израелско време. Се ангажираат речиси сите израелски борбени авиони (приближно 200), додека на територијата остануваат само 12 да патролираат врз воздушниот простор. Египетската одбранбена инфраструктура на аеродромите во тој период била исклучително слаба и не постоела никаква заштита во случај на воздушен напад. Израелските борбени авиони се упатуваат најпрвин кон Медитеранот, пред да свртат кон Египет, приоѓајќи од северна страна, летајќи под радарската покриеност и под најниската точка на ангажирање на египетските ПВО системи „земја-воздух“.
Првиот напад опфатил 11 бази, уништувајќи сѐ пред себе на египетските аеродроми. Израелските сили се вратиле кон базата, прегрупирајќи се и полнејќи гориво за 7 минути и 45 секунди, враќајќи се во втор напад и уништувајќи 16 египетски бази, со мали загуби на своја страна. Биле дизајнирани специјални бомби за да предизвикаат масовна штета на пистите. Бомбата стана позната како боева глава „Дурандал“, дизајнирана по ослободувањето да ја насочи боевата глава директно кон пистата што се напаѓа. На претходно одредена височина, се активира ракетниот мотор кој ја забрзува боевата глава на пистата пред да детонира. Откако пистите биле неутрализирани, цели воздушни бази биле ефективно приземјени, станувајќи жртви на последователни напади, кои резултирале со речиси целосна израелска воздушна надмоќ.
Третиот бран на првиот ден бил пренасочен кон Сирија и Јордан, кога истите испратиле одмаздннички летови кон Израел. Овој бран предизвикал катастрофални штети, осакатувајќи ја воздушната моќ на сите нации кои се бореле против Израел. Во копнената војна што следела, израелските воздушни сили продолжиле со голем успех да напаѓаат аеродроми, со цел неутрализирање на радарските системи и електрониката. Поддршката од страна на копнената компонента во голема мера го променила балансот на моќта на војната во корист на Израел. Кога Сирија, Јордан и Ирак ги нападнале израелските цели како одмазда за воздушниот напад врз Египет, нивните напади биле главно насочени кон цивилни цели и генерално неефикасни. Како одговор, многу од израелските борбени авиони кои се упатиле кон трет напад врз Египет биле пренасочени на пат кон сириските и јорданските цели, а други авиони биле испратени против арапските копнени сили како поддршка на израелските копнени сили. До крајот на првиот ден од шестдневната војна, Израел поседувал целосна воздушна супериорност над Израел, Голанската Висорамнина, Западниот Брег и целата пустина Синај. На 7 јуни биле уништени стотици возила од Египет кои се обидувале да преминат преку Синај во конвои и биле заробени илјадници други. Тој ден јорданските воздухопловни сили „де факто“ престанале да постојат – биле уништени сите 34 борбени авиони. Истото се случило со Сирија и нејзините 100 авиони. Доколку етапно низ бројки би ја разгледувале операцијата „Фокус“, тоа би изгледало вака:

- 5 јуни 1967 г., прв напад во 07:45 по израелско време, низ 101 налет од страна на 183 борбени израелски авиони нападнати се 11 аеродроми, а уништени се 197 египетски борбени авиони и 8 радарски станици. Петмина израелски пилоти се убиени, а петмина заробени;

- втор напад во 09:30 по израелско време, низ 164 налети нападнати се 16 аеродроми додека се неутрализирани 107 египетски авиони и два сириски;

- трет напад во 12:15 по израелско време, 85 налети кон Египет, 48 кон Јордан, 67 кон Сирија и еден кон Ирак;
- дополнителни напади до крајот на денот, 2 кон северниот дел на Ирак и уште неколку на египетска територија.



Во текот на шестдневната војна, израелските сили, за само неколку часа со своите 180 до 200 авиони, користејќи се со факторот изненадување, совладале коалиција со над 600 борбени авиони, уништувајќи 452 непријателски авиони, од кои 79 во воздушна борба. Загубиле 46 авиони и 24 пилоти. Непријателството и омразата не им се нови на Израелците. Токму ова, според нив, довело до превентивниот воздушен удар. Операцијата „Фокус“ останува борбена операција која до ден-денес ја изучуваат воздухопловните сили ширум светот како еклатантен пример за хируршки прецизно планирана и безмилосно спроведена воена операција. Монументалното значење на синајскиот воздушен удар радикално ја промени геополитиката на Блискиот Исток и културно-демографски го примени Израел. Воздушниот напад кој го најави почетокот на шестдневната војна беше моќен пример за важноста на воздушната супериорност и ефикасноста на брзите напади во модерното војување. Превентивниот воздушен напад до ден-денес предизвикува полемики и контроверзии. Доколку го анализираме поимот „превентивна војна“, односно „удар во меѓународното право“, идентификувани се три неопходни услови за таква војна, односно напад, да се класифицира како превентивен: акутна криза во комбинација со високи нивоа на тревога, ранливо офанзивно оружје и стратешки паритет во однос на офанзивните способности. Денес теоретичарите ќе речат дека околностите околу шестдневната војна не ги исполниле некои од овие неопходни услови, пред сѐ одлуката на израелскиот државен врв прв да изврши удар.

Тамара Лазаревска



# Зошто диктаторите се плашат од девојки: Еден поинаков аспект на темата род и национална безбедност

Во 1987 година, аргентинските мајки се собираа да протестираат против исчезнувањето на нивните синови и сопрузи од рацете на авторитарната воена хунта. Ова движење беше катализатор за успешното продемократско движење во Аргентина кое стави крај на режимот на Видела. Слично на тоа, преку јавни демонстрации за мајчинската тага, Комитетот на мајки на војници, формиран во 1989 година за време на Советско-авганистанската војна, ја подига јавната свест за корупцијата и кршењето на човековите права што се случуваат во советската војска. Денес, едно моќно протестно движење зема замав во Иран, а истото е поттикнато и го водат жени и девојки. На оваа тема, Русија ги користи поимите за хипермажественост, како клучно средство за одржување на контролата на режимот во земјата, и објавува дезинформации низ западната јавност. Кси Џингпинг ја консолидира својата моќ во Пекинг, а кинеската комунистичка партија креира јавна загриженост дека момчињата се „феминизираат“, потег што се чини дека е во спротивност со децениската кинеска политика која промовира родова еднаквост. Притоа, заедничката нишка на сите овие примери е родот. Родот игра моќна улога во изградбата и проектирањето на моќта и идентитетот, што е особено значајно

> Родот е начин да се изразат и да се дисеменираат основните поими за идентитетот и моќта на индивидуално и структурно ниво. Па, иако жените често имаат важни улоги во спротивставувањето на авторитарни структури на моќ, како што всушност покажуваат и најновите настани во Иран, тие го прават тоа да се спротивставаат на традиционално конзервативните родови улоги пропишани за сите граѓани од многу од денешните авторитарни режими



во авторитарните режими. И, како што покажува историјата, кога секојдневните граѓани ги оспоруваат тие родово базирани структури на моќ, тогаш една длабока општествена промена станува возможна. Затоа, се чини дека полот е клучна, иако недоволно ценета грешка во авторитарните општества со кои САД и нивните сојузници стратешки се натпреваруваат. Па, додека значителен дел од академската јавност е посветена на разбирањето на улогата на родот во општествените односи и општествените науки, она што не е доволно развиено е примената на родот како аналитичка алатка за подобро разбирање на поголемите проблеми од националната безбедност, како што се стратешкиот натпревар, операциите на сивата зона, и како најдобро да се спротивставува на зголемениот бран на авторитарни држави во меѓународниот систем. Ако сево ова не е доволно, тогаш постои уште една голема причина заедницата за национална безбедност да почне да посветува поголемо внимание на родот, а тоа е дека противниците како Русија го користат родот со цел да ја оправдаат инвазијата на Украина.

Родот е начин да се изразат и да се дисеменираат основните поими за идентитетот и моќта на индивидуално и структурно ниво. Па, иако жените често имаат важни улоги во спротивставувањето на авторитарни структури на моќ, како што всушност покажуваат и најновите настани во Иран, тие го прават тоа да се спротивстават на традиционално конзервативните родови улоги пропишани за сите граѓани од многу од денешните авторитарни режими. Затоа, жените се двигатели на напредната мисла за родовите аспекти на безбедносните прашања, ако не и катализатори за општествени промени, додека на аналитичкиот фокус на еден пол му недостасуват поголемите општествени и структурни слики чиј клучен дел е полот. Но, „родот“, како концептуален објектив, не е ограничен само на жените и на женското претставување. Овој објектив ни овозможува да истражиме како мажите ги перцепираат нивните улоги и идентитети, како тие идентитети и улоги се изразени на индивидуално и структурно ниво и како тие идеи ги обликуваат стратешките култури и одлуките на националните политики. Понатаму, бидејќи ова е навистина клучно за човековото постоење, треба да се нагласи дека родот создава и начини за разбирање и истражување на вкрстувањата со другите идентитети - етничката припадност, религијата и така натаму. Со други зборови, родот креира еден механизам за подобро да ги цениме човечките димензии на војната и државното уредување. Непостоењето на практична рамка која е ориентирана кон националната безбедност за процена и искористување на родово-базираните општествени грешки е особено акутен проблем во ситуации кога се разгледува потребата од развивање и примена на приспособени интегрирани стратегии за одвраќање во контекст на политичката војна и војната во сивата зона.

Во Иран, постои подолга историја позади неодамнешниот бран протести предводени од жени. Таму, режимот со децении ги користи родовите норми и идентитетот како централен инструмент на репресија. Традиционалните вредности долго време служат како оправдување за негирање на основните слободи и платформа за мобилизирање на поддржувачи. Сепак, борбата за правата на жените и индивидуалните права се испреплетени во Иран. Таму, родот е простор на отпор, што го прави последниот бран протести особено голем предизвик за авторитарниот режим и сè повеќе ги става жените во првите редови на отпорот.

Во Русија, Путин се залага за ремаскулинизација на Русија, манипулирајќи со традиционалните културни симболи и јазик за да ја оправда територијалната експанзија, национализмот и отпорот на она што неговиот внатрешен круг го смета за корумпиран, декадентен запад. Овие напори доведоа до значително влошување на правата на жените и историски маргинализираните групи во Русија. Путин е во фаза кога вели дека Русите кои бараат родови слободи се дел од поголемата петта колона против Русија. Руските социјални медиуми се преплавени со групи на говор на омраза, како што се „Машка држава“ кои се гласни поддржувачи на војната на Путин во Украина. А, историски гледано, треба да се спомене дека во периодот помеѓу 2005 и 2019 година руската елита користи младински групи како „Наши“, самопрогласено „антифашистичко движење“ , опишано како „генерација на Путин“, за да ги поврзе родот, поддршката за Москва и традиционалните вредности како контрапункт со Западот. Па, така, манипулацијата со родовите улоги и идентитет му помага на Путин да дојде до поголема, глобална мрежа на популисти кои мислат дека традиционалните вредности и општеството се загрозени.



Родовите улоги и идентификувањето се центар на гравитација во информациската средина за автократите кои сакаат да го ограничат слободното изразување и размена во нивните општества. Овие режими имаат критично барање за унапредување на сликата, често користејќи мешавина од пресметковна пропаганда и цензура, како шампиони на традиционалните вредности кои се загрозени. Бидејќи овој дискурс се потпира на манипулирање со родовите улоги и идентитети, родот, исто така е критично ранлива категорија што може да се изложи на ризик за да се добие предност. Секоја стратегија дизајнирана да ги предизвика авторитарните држави кои не ја искористуваат оваа ранливост пропушта можност да стекне конкурентна предност и да победи без борба. Се чини дека диктаторите во последно време се плашат од девојчињата и од жените, како и од мајките, бабите и мажите кои силно се спротивставуаваат на нацртаните поими за машкост – и стануват не само политички свесни туку и се активни. Во овој котекст се поставува и прашањето што можат да направат Соединетите Држави за да го искористат овој притисок во своја полза. Прво, и можеби најважно е Соединетите Американски Држави да се надоврзат на претходните резолуции на ОН, извршните наредби и законодавството кое признава дека родот е важна димензија на човековото постоење и е достојно за сериозно проучување кога станува збор за прашањата поврзани со државното уредување. Многу демократски држави го сфаќаат ова преку клучната Агенда за жени, мир и безбедност. И покрај ова, дискусиите за родот како дел од националната безбедност имаат тенденција да предизвикуваат примитивни, односно интуитивни реакции. Од една страна, некои ја прифаќаат идејата дека жените играат витална улога во подигнувањето на кревките општества - од образование до граѓанско и политичко учество. Други, пак, го отфрлаат родот и го сметаат како „галама“ во позадина на реалполитиката. Па, дури и кога родот е дел од програмите за национална безбедност, постои тенденција тој да се третира повеќе како „капа за домашно милениче“ или „додаток“, отколку како основна димензија на промовирање на граѓанското општество и демократските вредности. Како, второ, родот треба да значи повеќе од жените и броењето на бројот на жени на лидерски позиции – благородни цели, сигурни, но ограничени кога станува збор за соочување со авторитаризмот. Со други зборови, застапеноста е неопходна, но секако не е доволна. Тоа е затоа што иако повеќе жени може да бидат избрани во законодавните тела ширум светот, тие понекогаш се „сместени“ во комисии за „женски прашања“ и „семејни“ наместо во вистинските тела за одлучување. На тој начин, мошне ограничените поими за родовите улоги и стереотипи во кои доминираат мажи се реплицираат во институциите на управување, репродуцирајќи, овековечувајќи и засилувајќи го угнетувањето. Па, наместо да се постигне нешто, родот се користи како  концептуализиран објектив преку кој се гледа потрагата по предност во информациското опкружување, кое е централно за конкуренцијата на големите сили. Токму затоа, стратезите мора да прифатат дека ако родот е и критично барање и ранливост, тогаш тоа гарантира нови видови кризни симулации и воени игри за истражување на конкуренцијата, а овој напор треба да ја следи неодамнешната научна мисла и да го комбинира најдоброто од стратешките игри и општествените науки за да ги изолира начините на кои конкурентните групи кои ја користат манипулацијата со родовите улоги и идентитети за да ги унапредат своите интереси и потенцијалните ефекти. Со оглед на централноста на родот и репресијата за опстанокот на режимот, за да се разбере како родот се користи за зајакнување на динамиката на моќ, е од витално значење и ги отвора можностите за ердирање на авторитарните структури на моќ. Затоа, крајно време е креаторите на политики и практичарите во заедницата за национална безбедност да го користат родот за да ги истражат суштинските перцепции и искуства за моќта, улогите и идентитетите на индивидуално и институционално ниво. Полот претставува длабоко вградени идеи за идентитетот и односите на моќ, кои националната безбедносна заедница треба да ги земе предвид кога, на пример, гради приспособени стратегии за одвраќање или планови за воена кампања. На крајот на краиштата, војната е инхерентна човечка активност, а родот е суштински израз на она што значи да се биде човек; да се игнорира родот значи да се игнорираат основните димензии на самата војна.

м-р Билјана Поповска

( за повеќе видете на https://warontherocks.com/2022/11/why-dictators-are-afraid-of-girls-rethinking-gender-and-national-security/)



Во рамки на „Програмата за реформи во разузнувачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија 2021-2026" на ДЦАФ- – Женевски центар за демократска контрола на вооружените сили ДЦАФ (DCAF), започнаа првите чекори за подготовка на родова самопроцена во Министерството за одбрана и Армијата. Тоа е алатка за процена на родовата одговорност на институцијата



# Родова самопроцена во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија

ДЦАФ е една од водечките светски институции во областа на реформите во безбедносниот сектор и управување со безбедносниот сектор. ДЦАФ обезбедува советодавна поддршка во земјата и програми за практична помош, развива и промовира соодветни демократските норми на меѓународно и национално ниво, се залага за добра практика и спроведување истражувања поврзани со политиките за да обезбеди ефективна демократско управување со безбедносниот сектор.
Родот и безбедносната програма на ДЦАФ функционира преку истражување, политика, технички совети и регионални проекти за поддршка на развојот на безбедносни сектори кои ги задоволуваат безбедносните потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата, и целосно учество на мажите и жените во институциите од безбедносниот сектор и реформските процеси во истиот.
Соработката што ја воспостави и ја формализираа Министерството за одбрана и ДЦАФ, ќе придонесе за унапредување на родовата компонента во нашата институција преку помагање и поддршка на процесот на родова самопроцена, помагање во развојот на препораки и родов акциски план како крајни производи на родова самопроцена. Тоа дополнително ќе ја промовира институционалната култура која обезбедува еднакви можности за мажите и жените и ќе придонесе за зголемена доверба на јавноста во системот што може да ги задоволи потребите и на мажите и на жените.
Родовата самопроцена во Министерството за одбрана и Армијата ќе биде спроведена во неколку фази и во согласност со одредени методолошки алатки кои ќе опфатат шест области, и тоа: ефективност на перформансите; закони, политики и планирање; односи со заедницата; одговорност и надзор; персонал и институционална култура.
За ефикасно спроведување на родовата самопроцена формиран е тим, односно работна група од претставници/претставнички од Министерство за одбрана и Армијата, поддржан од надворешни експерти за квантитативни и квалитативни истражувања од страна на ДЦАФ преку кои ќе се спроведе родовата самопроцена. Заради зајакнување на капацитетите на Работната група беше спроведена тридневна обука којашто обезбеди надоградба на дел од содржините за родова интеграција, но исто така и подготовка преку разработка на методологија на проценување, развој на алатки, валидација и тестирање.
На крајот од обуката беше дефиниран работен план за процена и планирање на хронолошките чекори во претстојните фази за реализација на родовата самопроцена во Министерството за одбрана и Армијата, којашто ќе се спроведува до крајот на годината.
Министерство за одбрана ќе биде ексклузивен сопственик на резултатите од родовата самопроцена, кои ќе служат за системско подобрување на родовата компонента како комплементарен дел на останатите активности и процеси.
Спроведувањето на родовата самопроцена ќе обезбедни повеќекратни придобивки како што се: зајакнување на угледот и меѓународниот кредибилитет на институцијата; давање позитивен пример кој потенцијално ќе го следат и други безбедносни институции; зголемување на довербата кај јавноста;идентификување на потребите за обука и опрема, како и зајакнување на веќе постигнатиот напредок во инкорпорирањето на родовата компонента преку идентификување на предизвиците и прецизно детектирање на областите за подобрување.

Антониела Станковска-Будимир




# Роботска автоматизација во поддршка на федералните агенции

Кога станува збор за владино распоредување на автоматизацијата и вештачката интелигенција, центарот на вниманието е на апликациите со висок профил – без разлика дали станува збор за зголемување на перформансите на војниците на военото поле, собирање разузнавачки информации или модернизација на испораката на граѓанските услуги. Од таа причина, лесно е да се пропушти трансформација во „задните канцеларии» на Одделот за одбрана и цивилните агенции, каде што усвојувањето на роботската процесна автоматизација се зголемува. Роботска автоматизација на процесот (РАП-технологијата) упатува на виртуелен софтверски робот да имитира човечки дејства, со цел да се автоматизираат мундијалските, повторливи задачи. Кандидатите за идеална автоматизација вклучуваат процеси кои се високо стандардизирани со електронски влезови за податоци, како што се рационализирање на собирањето и обработката на податоци, управувањето со документи, верификацијата на идентитетот и автоматски одговараат на барањата за информации од граѓаните.

Роботска автоматизација на процесот (РАП-технологијата) упатува на виртуелен софтверски робот да имитира човечки дејства, со цел да се автоматизираат мундијалските, повторливи задачи. Кандидатите за идеална автоматизација вклучуваат процеси кои се високо стандардизирани со електронски влезови за податоци, како што се рационализирање на собирањето и обработката на податоци, управувањето со документи, верификацијата на идентитетот и автоматски одговараат на барањата за информации од граѓаните

Истражувањето од 2021 година, потпишано од UiPath, покажало дека 6 од 10 федерални испитаници и половина од испитаниците на државата гледаат на РАП како на градежен блок за искористување на вештачката интелигенција и машинското учење, со забрзување на собирањето на податоци и подобрувањето на квалитетот на податоците. Зошто? За почеток, РАП има најниска цена за влез во интелигентниот простор за автоматизација и обезбедува високи стапки на враќање кога е имплементирана правилно.

РАП и употребата на интелигентни ботови се критички за агенциите кои сакаат да ги автоматизираат временските рачни процеси,

потребни за водење на владина агенција. За агенциите кои ја оценуваат РАП, од критично значење е прво да се идентификуваат кои процеси се најпогодни за автоматизација – одлука во голема мера водена од влијанието врз количината на време, пари и фрустрација заштедени со ново решение.



**Стратегии за оценување на кандидатите за РАП**

Кога се проценува каде РАП може да даде најголемо оперативно влијание и влијание врз луѓето, клучно е уште пред да започне развојот на РАП, да се спроведе темелна анализа, подобрување и стандардизација на потенцијалните автоматизации. Изборот на вистинските кандидати не треба да се случува во вакуум, бидејќи бара разбирање на целокупната мисија, на деловната средина и на ИТ-системите. Со оглед на овие размислувања, петте стратегии подолу можат да ги водат донесувачите на одлуки кон најефикасните кандидати.

**Дали процесот е прирачник и дали е повторлив?**

РАП се состои од повторливи, рачни процеси кои бараат внимание на вработениот и вклучуваат следење на слични чекори за секое ново парче влез. Процесите кои моментално бараат вмешаност или надзор на личноста, како што се внесување на податоци или обработка на кадрови датотеки, имаат најголема корист од РАП, бидејќи автоматизацијата на процесот го ослободува времето на вработените за позначајни задачи.

**Дали процесот е чест или оптоварувачки?**

Некои оперативни процеси треба да се случуваат месечно, некои дневно, а други по барање од илјадници или милиони поврзани корисници. Ова размислување треба да се земе во однос на товарот на процесот.

**Дали процесот користи правила или шаблони?**

РАП-решенијата на вештачката интелигенција можат да бидат способни за остварување на комплексно донесување одлуки, но процесите кои следат, утврден збир на правила или инструкции, прават најефикасно користење на интелигентна автоматизација. Дури и ако правилата кои го водат процесот се исклучително комплексни компјутерот може да ги интернализира овие правила далеку поефикасно од човекот.

**Дали процесот се справува со стандардните влезови и излези?**

Секој процес кој зема стандарден вид на податоци, како што е документ, PDF или ширење, би можел да биде реплициран од страна на РАП, обучен да се справи со даден конзистентен формат на податоци. Процесите кои сместуваат неколку различни формати, како што се мешавина од мејлови, потписи на хартија и видеоснимка, бараат далеку повеќе инвестиции за автоматизирање.

Стандардниот излез е исто така важен – генерирање на датотека, забележување на информации во база на податоци, испраќање мејлови или новости на мрежа итн. Скенираните физички документи можат да се трансформираат преку обработка на природниот јазик или оптичко препознавање на карактери преку автоматизирани процеси за да се претворат овие документи во употребливи податоци.



**Колку бизнис апликации се вклучени?**

Колку помалку бизнис апликации се вклучени, толку е РАП поефикасна и може да биде надвор од портата, бидејќи вештачката интелигенција мора да ги разбере влезовите и излезите на една програма и може директно да „интерфејсира“ со неа. Понапредните имплементации можат да поврзат неколку апликации и да им овозможат да „зборуваат“ меѓу себе, но ова ниво на инвестиции е најкорисно каде што се предвидува враќањето на инвестициите да биде значајно.

Што е следно за РАП?

Бидејќи повеќе агенции добиваат конкретни резултати, ќе има желба да се продолжи патувањето до поинтелигентна автоматизација. РАП веќе еволуира надвор од основната линија.

м-р Зорица Стојкова



# Солидарноста на дело

Разорен земјотрес со јачина од 7,8 степени според Рихтеровата скала на 6 февруари ја погоди Југоисточна Туркије и делови од Сирија, предизвикувајќи огромни материјални штети и голем број на загинати и повредени во земјотресот. Република Северна Македонија беше меѓу првите кои испратија помош за погодените подрачја. Армијата на Република Северна Македонија, уште еднаш се покажа на дело, испраќајќи свои специјализирани тимови кои неуморно помагаа во спасувањето на човечките животи и отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес

Епицентарот на земјотресот што ги погоди Туркије и Сирија бил мошне плиток, на околу 18 километри, предизвикувајќи сериозни оштетувања на објектите на површината. Земјотресот се случил во раните утрински часови, додека луѓето сè уште спиеле. Ова е регион кој немал голем земјотрес или какви било предупредувачки знаци повеќе од 200 години. Катастрофалниот земјотрес предизвика големи материјални штети и за жал, огромен број на загубени човечки животи.

Помошта за настраданото население и за отстранување на последиците од земјотресот пристигнува од сите страни на светот. Република Северна Македонија беше меѓу првите која испрати помош во погодените подрачја, како во материјални средства, така и свои специјализирани сили за помош и дејствување при вакви природни несреќи. Со возила, комбиња и авион кон Туркије се упатија речиси стотина спасувачи, пожарникари и армиски специјалци кои се приклучија на турските и меѓународните тимови во спасување на луѓето кои се наоѓаат под урнатините на илјадници згради и во расчистување на теренот.

Од Армијата на Република Северна Македонија веднаш беше испратен армиски тим составен од 24 армиски припадници од составот на Баталјонот за специјални сили и двајца инструктори од Командата за обука и доктрини со две службени кучиња. По пристигнувањето во Карахкамраш, која е една од областите кои се најмногу погодени од катастрофалните земјотреси во Туркије, тимот за спасување веднаш започна со активностите за пребарување и извлекување на жртвите.

По донесената одлука на Владата за испраќање дополнителна помош, а на предлог на Министерството за одбрана, беше испратен и дополнителниот армиски состав од 36 припадници од Баталјонот за специјални сили, обучени за спасување и пребарување во урнатини. Тимот од касарната „Илинден“ во Скопје замина во Република Туркије, каде учествуваше во хуманитарната операција во областите кои се најмногу погодени од катастрофалните земјотреси.

На испраќањето на дополнителниот тим од Армијата, од страна на началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, им беше порачано на припадниците најпрофесионално да го вложат севкупниот свој потенцијал и обученост и да им помогнат на

граѓаните на сојузничка Турција. Пред стројот се обрати и заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин.
Припадниците од вториот тим од Баталјонот за специјални сили обучени за спасување и пребарување, заеднички, со тимови од Велика Британија, Франција и Германија и со непрекината поддршка од спасувачките екипи од Турција и нивната Армија, се обидуваа на повеќе локации, изборувајќи се со времето и тешките услови, да спасат бесценети човечки животи.
Припадниците на Армјата на Република Северна Македонија, во градот Кахраманмараш, постојано беа ангажиран во активностите за пребарување на теренот, во пронаоѓање и извлекување на евентуално преживеаните кои се наоѓаат во урнатините настанати од катастрофалните земјотреси.
Армиските припадници на теренот ја искажаа својата одлучност и обученост професионално да ја извршат задачата и го употребија целиот свој максимум во пронаоѓање на настраданите.
Припадниците на македонската армија неуморно учествуваа во потрагата по преживеани под урнатините во Караманмараш. Сите работеа со надеж дека во текот на пребарувањето ќе се спасат човечки животи.
Свој придонес во откривањето на затрупаните лица даваа и службени кучиња од расата белгиски овчар и лабрадор, кои заедно со инструкторите се обучени токму за пронаоѓање лица во елементарни непогоди.
На урнатините од земјотресот во турскиот град Кахраманмараш, војници на Армијата со кучиња трагачи учествуваа во спасувачката акција.
Армиските четвороножни херои со нивните инструктори од Центарот за одгледување и обука на кучиња беа во состав на екипата кои пронајдоа и спасија еден детски живот. Армијата помогна во успешната акција за извлекување на 5 годишно дете од урнатините во Кахраманмараш.
По шестчасовно расчистување на урнатините и дополнителни четири часа успеале да го извлечат петгодишниот Сулејман.
Од страна на нашите армиски тимови без задршка се пребарува секој сантиметар од урнатините на зградите во Караманмараш. На видеото снимено таму, припадник на АРМ објаснува дека ќе останат таму додека е потребно.
„Даваме максимум на терен, со надеж дека ќе успееме да спасиме и да извлечеме живи луѓе. Остануваме тука сè додека е потребно и продолжуваме професионално и пожртвувано да работиме, со цел да спасиме што повеќе луѓе и да ја покажеме



нашата солидарност со Република Турција“, истакна припадник на АРМ кој е на терен во погодениот град Кахраманмараш. Министерството за одбрана и Армијата испратија шлепер со хуманитарна помош кон Турција, според Владината одлука за хуманитарна помош во материјални средства за Турција. Шлеперот беше наполнет со 5.000 ќебиња и 200 санитетски носилки за прва помош. Пакувањето и транспортот на хуманитарната помош се реализирани во соработка со Македонско-турската стопанска комора. Пратката е доставена до градот Батман во југоисточниот дел на Турција, кој, исто така, беше погоден од катастрофалниот земјотрес.
Во меѓувреме, Владата ја одржа 130-тата седница и донесе одлука со којашто 13 февруари беше прогласен за Ден на жалост на Република Северна Македонија. Одлуката е донесена како израз на солидарност и почит за големиот број загубени човечки животи предизвикани од катастрофалниот земјотрес што се случи во Република Турција и во Арапската Република Сирија на 6 февруари 2023 година. За време на Денот на жалост, знамето на Република Северна Македонија беше поставено на половина копје во нашата држава и пред дипломатско-конзуларните претставништва во странство. На почетокот на владината седница беше оддадена почит за жртвите во катастрофалниот земјотрес во Турција и во Сирија.

Кристина Илиевска





# СОЛИДАРН

## АРМИЈА НА РЕПУБЛИ



# ОСТА НА ДЕЛО

## КА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Модуларен пиштол „HK P30“

Пиштолот „HK P30“ припаѓа на четвртата генерација пиштоли со современ модуларен дизајн, кој се карактеризира со голем квалитет на изработка, сигурен и безбедносен механизам на функционирање, добра прецизност, одлична ергономија, едноставен за ракување поради добро распоредени и лесно достапни двострани команди, рамка за муниција со голем капацитет, лесно расклопување, чистење и одржување. Пиштолот припаѓа на групата полуавтоматски оружја, а се изработува од тврд челик и полимер зајакнат со стаклена волна. Од челик се изработуваат навлаката со затворачот, цевката, механизмот на чкрапалото, дел од водиштето на повратна пружина и повратната пружина и дел од рамката за муниција, додека од полимер се изработува ракофатот. Навлаката на пиштолот е потполно затворена и поседува правоаголна форма, но со ергономски заоблени контури на краевите. На бочните страни напред и позади на навлаката има крупни нарези кои овозможуваат полесно репетирање на пиштолот. За заштита од корозија и надворешни влијаниа навлаката е обложена со карбон нитрид. На неа се поставени ниски преден и заден механички нишан со можност за корекција по правец, опремени со три зелени луминисцентни точки кои овозможуваат лесно нишанење во услови на намалена видливост и во ноќни услови. Инаку, на навлаката од десната страна е поставен извлекувачот на куршуми кој е и индикатор за куршум во цевката, односно кога во цевката има куршум се гледа црвено испакнување кое лесно може да се напипа и со прст. На предниот долен дел од полимерскиот рам има Picatinny-шина според стандардот MIL STD 1913, наменета за поставување ласерски нишан, тактичко светло и друго. Од пиштолот е развиена и верзијата „Tactical“ која може да се опреми со придушувач на истрел или разбивач на пламен/компензатор на истрел и со рефлексен „red dot“ нишан. Ракофатот е модуларен и има одлична ергономија и агол на поставеност. За него се изработени по 3 различни по големина вметнувања (величини S, M и L) за левата, десната и задната страна од ракофатот, со цел приспособување на која било рака. При вметнувањето овие вметнувања налегнуваат на мали шини од ракофатот, а задното вметнување од ракофат на крајот доле се фиксира со чивија. Инаку, надворешните површини на ракофатот се ситно чекирани со цел поубаво ,,лепење” на раката. Челичната цевка е ладно кована со полигонална изрежаност (со 6 полиња) со десен од на ротација од 250 mm. Водиштето на повратната пружина со повратната пружина поседува и полимерски цилиндричен додаток. Овој склоп има улога и на амортизер, со цел намалување на отскокнувањето при пукање.Пиштолот поседува двострани команди, односно лостот за утврдување/ослободување на навлаката (се користи и за расклопување на оружјето) и лостот за ослободување на рамката за муниција кои се поставени од двете страни, што придонесува за полесно ракување со оружјето, независно која рака е доминантна кај корисникот на пиштолот. Основната верзија на пиштолот нема стандарна надворешна мануелна кочница, но има вградена автоматска кочница за удирачот и ударната игла, овозможувајќи да не дојде до случајно испукување, односно до испукување ќе дојде само кога чкрапалото ќе биде целосно повлечено. Пиштолите од серијата„ P30“ се опремени и со патентиран уред HK Lock-Out™. Овој механизам се наоѓа внатре во задиниот долен дел од ракофатот и кога е вклучен, го блокира дејството на пиштолот со блокирање на секое движење на чкрапалото, удирачот и навлаката. Механизмот е заклучен и не може да пука додека не се отклучи. Вртењето на клучот во насока на стрелките на часовникот со 1/4 вртење го заклучува дејството, а вртењето спротивно од стрелките на часовникот го отклучува. Од пиштолот е развиена и верзијата „V3“ со DA/SA механизам, која има вграден декокер поставен на задниот дел од рамот, доле лево од удирачот на ударната игла и е лесно достапен за манипулирање со левата и со десната рака.

Стандарната рамка за муниција е дворедна со капацитет од 15 куршуми за муницијата 9x19 mm и со 13 куршуми за муницијата .40 S&W, а се нуди опција и со по 10 куршуми. Рамката за муниција на задниот дел има мали отвори за полесно уочување на бројот на куршуми во неа. Долниот заден дел од рамката за муниција е изработен од полимер. Предност кај овој пиштол е и можноста кога ќе се вметне нова рамка за муниција во оружјето, ако навлаката е во утврдена задна позиција, автоматски да оди напред (практично го полни пиштолот) и може веднаш да се премине на борбено дејство. Инаку, во стандардна опрема спаѓа и додаток за брзо полнење на рамките за муниција. Основното расклопување и склопување на пиштолот за редовно чистење е многу едноставно и не е потребен алат.
Врз основа на стандарниот пиштол „HK P30“ се развиени различни верзии и подверзии во различни калибри ,и тоа: P30S, P30L, P30LS, P30SK и P30SKS. Инаку, верзиите P30S, P30LS и P30SKS се опремени со двострани мануелни кочници, додека според механизмот на дејствување на чкрапалото се развиени следните подверзии: V1 (LEM) со лесно повлекување на чкрапалото со подобрен DAO-механизам, V2 (LEM) со стандардно повлекување на чкрапалото со подобрен DAO-механизам и V3 со DA/SA механизам со декокер.

Ивица Дамески



**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек-слика на „HK P30“**

**1.** Преден механички нишан

**2.** Навлака

**3.** Цевка

**4.** Отвор на навлаката за исфрлување на куршумот

**5.** Ударна игла

**6.** Извлекувач на куршумот

**7.** Безбедносен механизам на ударната игла

**8.** Заден механички нишан

**9.** Удирач на ударната игла

**10.** Рамка за муниција

**11.** Пружина и нејзиниот носач (потпорник) за потребите на удирачот




**12.** Потиснувач на куршуми во рамката за муниција

**13.** Заден полимерски прилагодлив вметок за раката

**14.** Чаура за утврдување на пружина и нејзиниот носач (потпорник) за потребите на удирачот

**15.** Позиција за утврдување на задното приспособливо вметнување

**16.** Полимерски ракофат

**17.** Бочно полимерско приспособливо вметнување за ракофатот

**18.** Лост од утврдувачот/ослободувач на навлаката

**19.** Лост за ослободување на рамката за муниција

**20.** Чкрапало

**21.** Штитник на чкрапалото

**22.** Систем „Browning“ со модифицирано сигово бравење на механизмот

**23.** Водиште на повратна пружина и повратна пружина (со полимерски цилиндричен додаток)

**24.** Picatinny-шина стандард MIL-STD-1913

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „НК P30“ | |
|---|---|
| МУНИЦИЈА | 9x19 mm Parabellum или .40 S&W |
| ДОЛЖИНА | 181 mm |
| ДОЛЖИНА НА НИШАНСКА ЛИНИЈА | 148.5 mm |
| ВИСОЧИНА | 138 mm |
| ШИРОЧИНА | 34.8 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 98 mm |
| ТЕЖИНА НА ПИШТОЛОТ | 740 gr |
| ТЕЖИНА НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА ОД 15 КУРШУМИ | 95 gr |
| ТЕЖИНА НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА ОД 10 КУРШУМИ | 77 gr |
| ПРОСЕЧНА БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛОТ НА ИЗЛЕЗ ОД ЦЕВКАТА | 360 m/s |



# Беспилотно летало „Northrop Grumman MQ-4C Triton“

Беспилотните летала (Unmanned Aerial Vehicle - UAV) се познати како воздухоплови без пилот, без екипаж или патници во него, кои користат аеродинамички сили за да се обезбеди подигнување. Тие се компонента од Системот за беспилотни авиони (Unmanned Aircraft System - UAS), кој вклучува: контролор, контролна станица, команда, систем за комуникација со леталото, како сите други системски елементи потребни за извршување на летот.

Терминот „Систем за беспилотни авиони“ е усвоен од страна на Министерството за одбрана и Федералната управа за воздухопловство на САД во 2005 година, според нивната Платформа за системот за беспилотни авиони 2005 – 2030 година. Терминот е усвоен и од страна на International Civil Aviation Organization (ICAO), како и од Single-European-Sky. Ваквите летала функционираат под далечинска контрола од страна на човечки оператор како далечински управуван воздухоплов (Remotely-Piloted Aircraft - RPA), со различни степени на автономија, како што е помош од автопилот, сѐ до целосно автономни воздухоплови кои немаат потреба за човечка интервенција (cloud computing, computer vision, artificial intelligence, machine learning, deep learning, thermal sensors итн). Во поново време станаа суштински средства за повеќето вооружени сили. Со подобрувањето на контролните технологии и намалување на трошоците, нивната употреба се прошири и на многу невоени апликации, како на пример: мониторинг на шумски пожари, фотографирања од воздух, испорака на производи, во земјоделството, за полициско следење, инспекции на инфраструктура, за забава, наука, а како невообичаени активности кои се реализираат со нив се шверцот и трките со беспилотни летала.

**Беспилотно летало „Triton“**

Кон крајот на јули 2021 година, компанијата „Northrop Grumman“ и Командата на американските поморски воздушни системи (NAVAIR) прославија значајна пресвртница во нивното 13-годишно партнерство во развивање на системот за поморски надзор, откако беше реализиран првиот пробен лет од најновата конфигурација. Станува збор за едно од поновите беспилотни летала на американската компанија „Northrop Grumman“, познато како„ MQ-4C Triton“. Во конкуренција за избор биле компаниите: „Boeing“, „Northrop Grumman“ и „Lockheed Martin“. Леталото се развива за потребите на морнарицата во рамките на програмата „Broad Area Maritime Surveillance“ (BAMS) и е наменет да обезбеди разузнавачки, надзорни и извидувачки мисии (ISR) во реално време, 24 часа, 7 дена во неделата, со 80% ефективно време за употреба над огромни океански и крајбрежни региони. Останатите мисии опфаќаат: континуиран поморски надзор, спроведување мисии за пребарување и спасување, како и надополнување на задачите на поморскиот патролен авион „Boeing P-8 Poseidon“. Ова беспилотно летало се надградува и се развива на елементите од беспилотното летало „RQ-4 Global Hawk“, а промените вклучуваат: радар за безбедно раздвојување, засилување на воздушната конструкција и крилото (се гарантира 51.000 часови животен век на авионската рамка), потоа промени во системот за одмрзнување и во системот за заштита од молњи. Овие способности му овозможуваат

на авионот да се спушти и да прелета помеѓу слоевите на облаците, за да добие поблизок поглед на бродовите и другите цели во водените површини кога е потребно. Сензорите овозможуваат следење на бродовите со собирање информации за нивната брзина, локација и класификација. Тој би бил првиот беспилотен авион опремен со ваков радар, но финансиски над планираниот буџетот. Радарскиот систем останува услов во програмата, но буџетските и технолошките притисоци ја принудиле морнарицата да го одложи неговото интегрирање во беспилотното летало. Постои можност за користење податоци од копнени радари додека се приближува до аеродром заради понатамошно оперативно управување во воздушниот сообраќај. За прв пат е испорачан во 2012 година на настан во Калифорнија каде го добива името „Triton". Првиот лет на на MQ-4C леталото е реализиран на 22 мај 2013 година, проследен со последователни пробни летови. Се очекувало да биде оперативен до крајот на 2015 година, со вкупно планирани 68 беспилотни летала за набавка (со можност да се побара од морнарицата да го намали бројот на леталата што ќе бидат испорачани). Сепак, генералниот инспектор на Министерството за одбрана утврдил дека барањето од околу 70 беспилотни летала е оправдано, врз основа на достапните процени за трошоците. Почетната оперативна способност за MQ-4C била планирана за 2018 година, а целосната оперативна способност за 2023 година. Се планира по четири „MQ-4C" летала да бидат оперативни во секоја база за да одржуваат континуиран лет, а остатокот да биде произведен за тестирање, обука и замена на загубите. Целата нарачка би требало да биде завршена во 2032 година.

Леталото „MQ-4C" може да остане во воздух повеќе од 30 часа, на височина од околу 17.000 метри, со брзина до 610 км/час, при неговата тежина од 14.628 килограми и должина на крилата од околу 40 метри. Неговиот сензор за надзор е од групата на мултифункционален активен сензор и видно поле од 360 степени. „MQ-4C" е дизајниран да направи (а „RQ-4 Global Hawk" не може) брзо спуштање на пониски височини. Затоа има поцврст долен труп за да издржи соочување со град, удар од птици и молњи. Опремен е со системи за против замрзнување на крилата. Ова беспилотно летало може да фотографира радарски слики со висока резолуција, а потоа да го користи напредниот софтвер за препознавање. Станува збор за полуавтономен систем, пред сѐ за да ја зачува работната сила, така што операторите треба само да ја изберат оперативната област и да поставаат параметри како брзина, висина и цел. Леталото е познато и како „Triton Multi-INT" поради додавањето на два нови сензори за SIGINT и ELINT. Овие нови сензори и нивните повисоки барања



за безбедност на податоците диктирале значителни хардверски и софтверски промени на леталото.

Заинтересираност за оваа платформа искажала Австралија, како воена платформа за спроведување на царинските должности (за откривање мали чамци и бродови во северните води на земјата, особено преку способноста за облачно покривање). На 16 февруари 2014 година било објавено дека австралиската влада ќе побара купување на седум „MQ-4C Triton", кои освен за лоцирање на бродови и авиони, би се користеле и за откривање на баратели на азил преку море. Заедно со „P-8 Poseidon", оваа платформа треба да ја замени постарата флота „P-3 Orion". Австралиската влада потврдила во Белата книга за одбраната од 2016 година, дека Кралските австралиски воздухопловни сили треба да набават седум авиони „MQ-4C Triton", како дел од нејзиниот „разузнавачки, надзорен и извидувачки капацитет". На 26 јуни 2018 година, австралискиот премиер го објавил купувањето на беспилотните летала.

Во јануари 2015 година, германската компанија „Luftwaffe" почнала да размислува за леталото „Triton", со цел да ги пополни нивните потреби за разузнавањето во делот на SIGINT, а како продолжение на откажаната програма „EuroHawk", базирана на „Global Hawk". Иако „EuroHawk" требало да ја пополни празнината, SIGINT бил откажан во мај 2013 година, откако биле потрошени околу 600 милиони евра поради загриженоста за неговата способност да ги задоволи прописите за пловидбеност и да се дозволи лет над цивилниот воздушен простор во Европа. Со веќе вклучената опрема за заштита од мраз и удар од молњи, „MQ-4C" би имал поголеми шанси да добие сертификат за безбедност за да лета над населените области на Европа. Во таа насока, германското Министерство за одбрана донело одлука да го купи „MQ-4C", а испораките да се случуваат после 2025 година.

Драган Павловски





# „VECTOR/GRF“ – холандско лесно тактичко возило на тркала 4x4

„VECTOR/GRF“ е разновидно експедициско лесно тактичко возило за командоси, за движење и операции надвор од патот, произведено во Холандија од страна на „Defenture“, холандска компанија за производство на специјални и тактички лесни оклопни возила на тркала

Разновидното експедициско тактичко возило (COMANDO of road) наменето за операции надвор од патот (VECTOR или GRF) е лесно тактичко возило за сите терени, првенствено дизајнирано за командните трупи на „Корпс“ (Korps Command Troops - KCT), специјална единица на Кралската холандска армија. KCT работи како независна единица за изведување специјални операции на непријателска територија. Поморските сили за специјални операции на холандскиот поморски корпус (MARSOF), исто така можат да го користат возилото во своите операции.
Тактичкото возило „VECTOR/GRF“ беше развиено од страна на домашната, одбранбена компанија „Defenture“ со седиште во Холандија, во соработка со командоси и специјалисти од Одбранбената организација (Defence Materiel Organization - DMO) на Министерството за одбрана на Холандија. Ова тактичко возило ги замени возилата на специјалните сили „Mercedes-Benz (MB) G280 CDI“ во холандската армија.

**Дизајн и карактеристики на „VECTOR/GRF“ тактичкото возило**

Тактичкото возило „VECTOR/GRF“ се заснова на борбено докажана заменлива и високо модуларна конфигурабилна GRF-платформа. Има должина од 5,1 метри, ширина 1,8 метри и високо е 2,2 метри. Во него може да се сместат четири до пет членови на екипажот. Возилото има максимална вкупна тежина од 4.600 килограми и може да носи товар од 1.440 килограми. Капацитетот на носивост им овозможува на командосите да се потпираат на себе и да патролираат со недели со соодветно оружје и резерви на храна и вода. Робусната централна шасија со погон на четири тркала и гуми на алуминиумските бандажи од 18 инчи обезбедуваат супериорно држење и мобилност, што го прави возилото идеална опција за секој терен.
Неговото преклопно управување со сите четири тркала нуди извонредно високо маневрирање, што овозможува независно управување на задното тркало.
Возилото се одликува со модуларен пакет за балистичка заштита „TenCate“, произведено од компанијата „TenCate Protective Fabrics“ од САД,

што вклучува балистички врати со и без стакло, отстранлива плоча за експлозија и преклопливо балистичко ветробранско стакло. Пакетот обезбедува заштита на патниците од закани, како што се мали мини и оружје од мал калибар.
Возилото „VECTOR/GRF“ е опремено со митралез 7,62 мм „MAG“, кој совозачот може да го контролира од седиште кое се приспособува на висина. Дополнително, на возилото е инсталиран тежок митралез HMG M2 од 12,7 мм или автоматски фрлач на гранати „Heckler & Koch“ од 40 мм на прстенестиот носач, кој може да се преклопи за транспорт во хеликоптер „Chinook“. Командосите можат да ги користат фрлачите на чадни гранати од предната и од задната страна за брзо да се движат, како и да се заштитат од видеокругот на непријателите.
На тактичкото возило „VECTOR/GRF“ е инсталирана потребната опрема за поддршка на комуникации со краток дострел и безбедна размена на глас и податоци на долги растојанија. Исто така, располага со приклучоци за попречување на сигнали (jammers).
Електричните системи на возилото на специјалните сили се состојат од напојувачки единици од 12 V и две по 24 V. Возилото „VECTOR/GRF“ е опремено со одвоени електрични кола IP 67 24V (отпорни на влага, прашина и удари), во согласност со STANAG 2601, за да обезбеди напојување на возилото и на останатите комуникациски системи во самото возило.
Возилото „VECTOR/GRF“ е опремено со шестцилиндричен дизел-мотор 3,2 литри „Steyr“, кој може да употребува повеќе видови на гориво, со максимална моќност од 160 kW и максимален вртежен момент од 500 Nm. Возилото има шестстепен автоматски менувач и капацитет на резервоарот за гориво од 115 литри. Има оперативен опсег од 800 километри, со максимална брзина од 130 километри на час на асфалтирани патишта и 95 километри на час надвор од патиштата. Со овие карактеристики ова возило се вбројува во едно од најмобилните возила на патот и надвор на патот во својата категорија.
Во бандажите на возилото е вграден елемент за итно возење во форма на цврст гумен прстен за да служи како резервно тркало во случај на дупната гума. Напред има чекрк, кој служи за извлекување во случај возилото да се заглави. Возилото се одликува со независна задна суспензија, еднаква суспензија на сите четири позиции, кои обезбедуваат висока способност за движење и маневрабилност по теренски пат. Може да се користи за операции на температури кои се движат помеѓу -32°C и 49°C.
Возилото може да помине длабочина од 750 mm, со можност за зголемување до 860 mm. Вертикално, на падини, може да совладува наклон до 90%. Аглите на пристапот и поаѓањето на возилото се соодветно 46,5° и 43,5° и доаѓа со растојание од подлогата од 340 mm (clearance). Може да совладува калливи терени и водени препреки до длабочина од 1 метар.
Возилото може да се транспортира по воздушен пат или во транспортниот хеликоптер „Boeing CH-47 Chinook“ или како товар под хеликоптерот. Исто така, има повеќе точки за поврзување за транспорт по воздушен, железнички, копнен и морски пат.



| Спецификации на возилото „VECTOR/GRF“: | |
|---|---|
| Должина | 5,1 метри |
| Ширечина | 1,8 метри |
| Висина | 2,2 метри |
| Тежина | 4,6 тони |
| Носивост | 1440 кг |
| Посада | 4-5 лица |
| Мотор | „Steyr“ 160 kw |
| Вооружување | митралез 7.62 мм и митралез 12,7 мм/автоматски фрлач на гранати |
| Оклоп | TenCate Protective Fabrics |
| Максимална брзина на пат | 130 km/h |
| Автономија на опсег | 800 км |
| Совладување на наклон | 90% |
| Совладување на страничен наклон | 40 % |
| Совладување на водена препрека | 1 м |

Компанијата „Defenture“ ја заврши испораката на 75 возила VECTOR на „КСТ“ во јули 2020 година. Во декември 2022 година, „Defenture“ доби уште една нарачка од Минстерството за одбрана на Холандија, за испорака на најмалку 41 возило „VECTOR“ на Воздухопловната мобилна бригада (11 LMB), единица на Кралската холандска армија. Првата серија од возилата се очекува да биде испорачана до средината на 2024 година. Со овој договор се отвораат можности во иднина министерството да набави дополнителни возила за подолг период. Компанијата „Defenture“ речиси 10 години е водечки специјалист за развој и склопување на лесни тактички возила.

Идриз Идризоски



# „BOXER“ – гасенична верзија

Поттикнати од пазарниот успех со оклопното повеќенаменско модуларно возило со тркала „BOXER“ 8x8, германската компанија за наменска индустрија KMW (Krauss – Maffei Wegmann) разви нова повеќенаменска модуларна гасенична верзија. Првата презентација на гасеничниот BOXER е направена во месец јуни 2022 год. на Саемот за воена опрема „Eurosatory 2022“ во Париз, Франција. Благодарение на компатабилноста во одредени сегменти, новата гасенична верзија може да ги прифати сите модули за мисии кои првично биле наменети за верзијата со тркала BOXER 8x8. Првата презентирана верзија од производителот KMW е прикажана како лесен тенк од новата генерација кој овозможува мобилност како борбено возило на пешадијата, но кој поседува огнена моќ на главен борбен тенк. Возилото има тричлен екипаж (возач, нишанџија и командир), а во демонтажниот модул може да се транспортираат 6 војници. Како и првата верзија, оклопот на гасеничната верзија овозможува исто ниво на заштита од лесно пешадиско оружје и шрапнели од артилериски гр анати.

Како погон во предниот лев дел од возилото е вграден дизел-мотор со моќност од 880 kW, кој на возилото му овозможува постигнување брзина од 100 km/h. Тежината на возилото изнесува 45 тони, додека автономијата на движење му изнесува 500 km. Возилото поседува клиренс од 45 cm, а може да искачи преден наклон од 60%. Верзијата лесен тенк е опремена со беспосадната борбена купола „RCT120“, која поседува вграден 120 mm топ со мазна цевка, автоматски полнач, каде се сместени 15 гранати. Топот е стабилизиран и со ротација на куполата може да дејствува 360°, додека по елевација може да се движи од -10° до +20°. На борбената купола е поставен и тежок митралез со калибар од 12.7 mm и лансер за наведувани противоклопни ракети „SPIKE LR2“. Со цел да се овозможи поголема можност за преживување на боиштето, на борбената купола е вграден систем за активна заштита, а вградените современи сензорско-нишански уреди му овозможуваат дејство „ловец-убиец“ и „убиец-убиец“ („hunter-killer“, „killer- killer“).

Ивица Дамески





# Зошто треба секогаш да имате нож со себе

Во несакана, итна ситуација, човек може да се најде секогаш и секаде. Понекогаш таа ситуација може да се случи ненадејно, додека трепнете, па во таква ситуација кога треба брзо да се реагира, некои предмети кои секојдневно се носат со себе стануваат исклучително важни.

Кои предмети некое лице ги носи секојдневно, варираат од карактерот на лицето и во зависност од регионот во кој се наоѓа, од околината околу него и од неговните способности. Сепак, постои една ставка која е константа кај тие предмети, а тоа е ножот. Ножот веројатно е најстариот придружник на човекот, бидејќи е разновиден, цврст и корисен за какви било задачи, надвор и дома. Причината зошто е толку популарен е прилично едноставна: тој е еден од најфункционалните алатки достапни денес. Имајќи го во секое време, ќе имате свое решение „направи сам“ за секој проблем што може да се појави и за мноштвото секојдневни задачи. Кога станува збор за сценарија за преживување, подготвеност за итни случаи и други сеопфатни непријатни ситуации, постојат многу различни алатки, но ножот е најспоменуваниот и најпосакуваниот. Не важно дали е со фиксно сечило или џебен нож, важно е да биде квалитетен. Дали треба да носите нож со себе секој ден? Подолу ќе погледнеме неколку причини поради кои треба да размислите, ако веќе не носите, да набавите нож и секојдневно да го носите. Веруваме дека секој треба да поседува барем еден квалитетен нож. Носењето нож ги прави вашите секојдневни задачи малку поудобни. Можете да го користите во различни ситуации. Да го имате со вас секојден е одлична идеја, бидејќи никогаш не знаете кога ќе ви треба. Животот е непредвидлив и може да се најдете во опасна ситуација. Понекогаш демне катастрофа, условите се неповолни, а патиштата лизгави. Поседувањето нож со вас може да ви го спаси животот ако се случи несреќа. Од голем, црн, страшен нож од 30 сантиметри што може речиси сè, до мал швајцарски армиски нож со невин изглед, ножевите доаѓаат во сите облици и бои. Би се осмелиле да погодиме и би рекле дека многу луѓе носат џебен нож и го користат секој ден. Исто така, ќе претпоставиме дека луѓето кои не носат ножеви гледаат дека другите често ги користат. Зошто е ова важно? Тоа значи дека ножевите се вообичаена алатка која луѓето се навикнати да ја гледаат и нема веднаш да донесат заклучок дека имате намера да направите нешто лошо само затоа што го носите, за разлика од некои други предмети кои можат да се носат. Како што веќе рековме, ножевите доаѓаат во сите облици и бои. Општо земено, тие се лесни и компактни алатки. Дури и поголемите ножеви не се толку незгодни и можат да се носат дискретно кога некој тоа го сака. Кога е итна ситуација, можете да бидете издвоени ако носите алатка која не може лесно да се скрие од погледот. Дискрецијата може подобро да ви помогне да се извлечете од ситуацијата, наместо да сте со алатка која може да предизвика многу чудни погледи. Луѓето носат ножеви долго време, бидејќи тие можат да се користат за многу различни намени и тоа веројатно е причината број еден зошто луѓето секогаш имаат нож со себе. Кога е итна ситуација, можеби нема да можете да ги имате сите алатки што ги сакате со вас,



но, според многумина, ножот е основната алатка која секогаш ќе сакате да ја имате. Можеби изгледа очигледно, но ножот е мошне ефикасна алатка за самоодбрана и како таков се користи многу долго време. Иако можеби поседувате и огнено оружје за самоодбрана, секако е препорачливо да имате и нож со вас како резервна опција на вашето основно оружје. Многу луѓе носат нож за самоодбрана. Обезбедувањето, војниците, телохранителите, органите на редот, често имаат нож во својата опрема. Ако го имате покрај себе нема да ви гарантира дека ќе бидете безбедни цело време, но ќе ви ги зголеми шансите да преживеете некоја критична ситуација. Зборувајќи за безбедноста, да знаете како да се одбраните е суштинската работа што секој треба да ја научи, особено ако носите нож.

Дали сте заглавени на студено? Мокри сте? Дали треба да приготвите храна или да зовриете вода? Па, многу е полесно да се запали оган со помош на нож.

Но, тоа не е единственото нешто што можете да го направите со нож. Можете да направите секакви други алатки или предмети што можеби ќе ви требаат за да ја пребродите ситуацијата. Има секакви видови на опрема што можете да ги направите од дрво. Вилушките, лажиците, па дури и чашите може да се изработат од парче дрво. Сè што ви треба е добар остар нож. Вие сте ограничени само од вашата фантазија. Ова не само што ви помага да го направите потребниот прибор за да ја направите тешката ситуација поподнослива, туку помага и да го поминете полесно времето додека го одржувате моралот и чекате да заврши ситуацијата во која се наоѓате. Ножот е една алатка која може да создаде стотици (или илјадници) други. Ножот може да ви помогне да направите и оружје. На пример, ако ви треба копје, можете да го направите. Ножот може да ви помогне да го изострите дрвото. Можете, исто така, да направите лак и стрела. Поентата е дека можете да произведете друго оружје што би ви помогнало при самоодбрана, лов и риболов. Уште еднаш, сè зависи од вас и од вашите потреби.

Некои делови од опремата и храната можат да бидат во нивното оригинално пакување. Кога ќе се појави потреба да се отворат, го имате ножот за да ви помогне и тој ја завршува задачата брзо. Со нож може да ја подготвувате храната, да ја сечете и да лупите зеленчук. Некои од овие работи се навистина тешки, па дури и невозможно да се направат со голи раце. Освен што ќе ви помогне да ја подготвите храната, ножот може да ви помогне и при нејзиното јадење. Очигледно, одредени видови храна е навистина тешко да се јадат само со голи раце. Дури и ако имате вилушка или лажица на располагање, ножот сепак може да биде пресуден. Одредено месо, на пример, е навистина тешко да се јаде ако немате со што да го исечете. Исто така, има и други работи, како одредени морски плодови, кои ќе бараат да имате алатка за да можете да ја јадете. На пример, остригите бараат да имате нешто да ги отворите. Поентата е дека без разлика што јадете, ножот не само што ќе ви го олесни, туку и ќе ви го овозможи тоа. Тоа, исто така, е уште една причина да го одржувате вашиот нож секогаш остар и чист. Не сакате да го користите за јадење додека не е навистина чист или морате да го користите и целата работа да биде тешка бидејќи не е остар. Ножевите имаат тенденција да ја губат својата острина премногу лесно, затоа одржувајте го постојано. Добар начин е да го проверувате секоја недела. Може да имате различна рутина, во зависност од тоа колку често го користите и за што го користите ножот.

Во ситуација за преживување, во одреден момент ќе треба да ловите сопствена храна. Ако само кампувате, најверојатно ќе имате оружје за ловење, па затоа е поверојатно дека ножот ќе ви треба во посебни околности. Како и да е, ако ловите мали цицачи и воопшто мали животни, ножот може да биде навистина корисен, како на пример за изработка на стапици. Се разбира, откако ќе уловите животно или риба, ножот многу ќе ја олесни подготовката и преработката на месото. Затоа вашиот нож секогаш треба да биде остар. Не сакате да ловите со тапо сечило. Замислете дека сте во шума, обидувајќи се да најдете нешто што можете да јадете и вашата најважна алатка воопшто не работи. Тоа е фрустрирачки. Сега, во зависност од животното што го ловите, не е добра идеја да го користите истото сечило за да ја отстраните кожата, да го исчистите месото, да го готвите и да го јадете. Може да има ризици од контаминација, затоа користете различни сечила во овој случај, ако воопшто имате опција. Затоа, проверете дали ножот е остар и, ако можете, не користете го истото сечило за сè.

Откако ќе внесете малку храна во стомакот, би било убаво да имате каде да преспиете. Засолништата за итни случаи не мора да бидат многу сложени, а ножот ќе помогне тоа да се направи полесно. Ножот може да се користи и за преправка на облеката. Можеби ќе сакате да преправите кошула со долги ракави во кошула со кратки ракави или панталони во шорц. Во итна ситуација, има толку многу фактори кои е речиси невозможно да се планираат.

Ножот, исто така, е вреден за прва помош и медицински апликации. Користете






нож за да ја исечете облеката и за да направите завои, да ја отсечете облеката за полесен пристап до раната или повредата. Ножот може да се користи и за поинвазивни процедури, но би ве советувале да не го правите тоа сами, освен ако знаете што правите и ако сте способни тоа да го направите во стерилизирани услови. Кога станува збор за сообраќајни несреќи, може да бидете први на лице-место. Безбедносните појаси имаат тенденција да станат проблем во многу хаварии на автомобили. Тие добро ја вршат својата замислена работа, но потоа продолжуваат да бидат рестриктивни, што може да ја влоши опасната ситуација. На пример, можете да го исечете безбедносниот појас, што може да ви го спаси животот во случај на несреќа.
Иако никогаш не е одлична идеја ножот да се користи на начин за кој не е дизајниран, ножот може да се користи и како алатка за удирање или копање. Без разлика дали треба да направите мал тоалет или да поставите стапица за лов, ножот ќе може да се справи и со таква задача. Ако немате пристап до брич, ножот може да биде корисен за вашата рутина за лична хигиена. Нема да можете да избричите совршена брада, но можете да скратите речиси сè. Потребно е само сечилото да биде остро и да внимавате да не го исечете лицето. Сечењето на кожата може да предизвика инфекција, што може да биде мошне лошо. Затоа, проверете дали сечилото е остро и внимавајте што правите. Сега, ножот може да ви помогне не само со брадата туку и со косата. Иако вашата коса не расте толку брзо како вашата брада, на крајот можеби ќе треба да ја отсечете.
Може да биде совршен ден, но вие сте се изгубиле, а треба да го пронајдете својот пат. Ако постојано го носите вашиот нож со себе, можете да го користите за да го означите секое место каде што веќе сте биле. Многу е вообичаено луѓето што се изгубени да минуваат покрај истото место повеќе од еднаш. Сега, со ножот, можете да ги обележите дрвјата, камењата, земјата, речиси насекаде. На овој начин можете да знаете дали одите во круг или дали одите некаде. Исто така, ножот може да ви помогне да пишувате пораки. Ножот може да ви помогне да пробиете и пат низ густа вегетација.
За ножот може да се каже дека е долгорочен, бидејќи не зависи од надворешни ресурси за да може да работи. Ако има некои подвижни делови, како џебниот нож, тие се минимални. Кога е итна ситуација, не се знае колку време ќе бидете во таа ситуација или колку време ќе биде потребно да се дојде до други ресурси. Во таква ситуација, би сакале најосновна, сигурна, сестрана алатка која може да ве извади од ситуацијата. Носењето повеќе ножеви е тема за која многу луѓе не зборуваат. Со оглед на нивната разновидност, корисност и важност, прашање е зошто многу луѓе се решаваат да носат само еден нож. Достапни се многу различни дизајни на ножеви, како и различни спецификации според кои се конструирани тие ножеви. Некои ножеви можат за сè да се користат, додека други имаат ограничени можности. Од причините што досега се наведени, би било корисно да се носи повеќе од еден вид нож. На пример, некои луѓе инсистираат да имаат нож со назабено сечило, а некои со обично. Ако ножот е алатката што треба да се има и е лесен и компактен и може да се носи дискретно, зошто да не носите повеќе ножеви. Носете еден нож кој има назабено сечило во едниот џеб и еден со обично сечило во другиот џеб. Тоа ќе ви даде повеќе опции за избор на вистинската алатка за работата која треба да се заврши. Ако ножот има повеќе сечила, исто така, тоа ќе го намали времето потребно за одржување или острење на сечилото. Ако немате време или алатки за да го направите тоа, можете едноставно да се префрлите од едно сечило на друго кога првото ќе стане тапо. Некои ножеви не се само ножеви, туку и мултиалатки, како што е швајцарскиот армиски нож. Ако имате нож со повеќе алатки и посебен нож со фиксно сечило, тоа би бил идеалниот избор, затоа што нема многу работи со кои не би можеле да се справите кога и двете се со вас. Последната причина зошто секогаш би требало да носите нож е тоа што тие се достапни. Секако, исто како и за секоја друга алатка, можете да потрошите многу пари, но не сите квалитетни ножеви се скапи. Добриот нож ќе се исплати повеќекратно во текот на својот животен век за времето што ќе го заштедите во потрага по мноштвото наменски алатки. Ножот е суштинска алатка и еден од најпопуларните, најважните и најразновидните предмети што можете да ги користите во секојдневните задачи и треба да го имате кога сте во несакана ситуација. Вашиот нож треба да стане продолжение на вашето тело. Без разлика за што се работи, колку повеќе искуство имате со вашиот нож, толку повеќе примени ќе најдете за него во итни ситуации. Се надеваме дека дадовме доволно причини зошто треба да носите нож со себе. Бидејќи повеќето од нив навистина не можете да ги предвидите, треба да носите нож цело време. Погрижете се секогаш да имате квалитетен нож со себе, бидејќи едноставно никогаш не знаете што и кога може нешто да се случи. Бидете подготвени и секогаш носете нож. Сигурни сме дека ќе ви го олесни животот!

Александар Стојчевски





# „Yakovlev Yak-3“

Кога се анализира Втората светска војна, а посебно воената авијација и нејзиниот развој во тоа време, вообичаено е да се дискутира за воздухопловните иновации и славните воздухоплови, најчесто произведени од британска, амриканска, германската или јапонската страна.

Многу често, намерно или ненамерно, Советскиот Сојуз не добивал доволно акредитација за своите технолошки напредоци. Можеби ова донекаде било оправдано со оглед на недоволната софисицираност, впечатлива по квалитетот на изработка на воената опрема и машинерија. Меѓутоа, советската доктрина налагала брза и ефективна изработка на продукт кој ќе ги задоволува минималните очекувања на военото поле. Софистицираноста, квалитетот и изгледот бил секундарен,сè додека ефектот на военото поле бил максимален. Овој аспект бил земен со потсмев од страната на германскиот окупатор. Дури рускиот народ бил етикетиран како група селани, неспособни за модерно војување, кои биле далеку од способноста за изработка на што било што е квалитетно, а не па достоен воздухоплов кој ќе ги спречи налетите на германските бомбардери и, пред сè, ќе биде достоен противник на германските ловци. Но, командата на германското воздухопловство набргу била изненадена и неочекувано испаничена кога советското воздухопловство го претставило авионот „Yakovlev Yak-3“. Не само што бил одличен ловец, туку се покажал како многу подобар речиси во сите летачко-борбени карактеристики од германските воздухоплови „Messerschmitt Bf-109“ и „Focke Wolf Fw-190“.

**Дизајн**

„Yakovlev Yak-3“ бил продукт од долговремена анализа на демонстрираните карактеристики од веќе постоечките советски ловци произведени од компанијата „Yakovlev“ како „Yak-1“, „Yak-7“ и „Yak-9“. За време на битката за Сталинград во 1943 година, германските ловци доминирале на небото со несомнена супериорност. Тогашниот воздухоплов, кој претставувал фронтмен на советскоо воздухопловство, бил „Yak-1“ со кој советите очајнички се обидувале да го заштитат својот воздушен простор. Слабите карактеристики на овој воздухоплов во споредба со тогашните верзии на германските ловци, ја поттикнале советската команда да издаде директива која наредила да се направи производ на нов ловец кој ќе ги надмине карактеристиките на германските ловци. Во 1943 година директивата од советската команда се претворила во реалност. Група од дизајнери предводени од Александар Сергеевич Јаковлев го понудиле најновиот дизајн на ловец наречен „Yak-3“. Новиот ловец имал значително зголемен степен на преживување во битка, зголемени и значтелно подобрени летачки маневрирачки способности, помоќен мотор, помала тежина, што значело и поголема брзина на авионот. Имено, новиот воздухоплов „Yak-3“ бил првично замислен во 1941 година за производство со дополнителни таканаречени „слотови“ кои биле вградени на нападниот агол од неговите крила. Овие слотови биле наменети за подобрување на севкупните маневрирачки способности и за подобрување на карактеристиките на полетување. Тие всушност овозможувале

способност на авионот да полетува и да оперира од пократки писти. Но, овие корисни идеи биле набрзо напуштени, бидејќи имало недостик на алуминиум. На средината од 1942 година, компанијата „Yakovlev“ добил зелено светло за зголемена набавка на ресурси, пред сè е алуминиум. Оригиналната замисла за изгледот била задржана со тоа што воздухопловот добил и неколку модификации во аеродинамичка смисла. Крилата биле дизајнирани со помала површина за разлика од воздухопловите „Yak-1“, „Yak-7“ и „Yak-9“. Модификациите на крилата подразбиларе намалување на површината на речиси 15 метри квадратни од 17 метри квадратни. Ладилникот за масло бил лоциран на место непосредно до коренот на крилата, за разлика од воздухопловите „Yak-1“, „Yak-7“ и „Yak-9“. Тие имале специфичен изглед токму поради локацијата на ладилникот за маслото, лоциран под моторот на авионот. За придвижувачката моќ на „Yak-3“ бил избран моторот „VK-105PF2“. Буквата „P“ дезегнирала можност за вградување на топ лоциран помеѓу блоковите на моторот. Покрај овие модифицкации, авионот, добил севкупен модерен изглед, наликувајќи многу на западните ловци од тоа време. Пилотската кабина била тесна, но овозможувала голема прегледност, нешто што било карактеристично кај современите „bubble canopy“ кај американските ловци „P-51D“ и „P-47D“. Нишанската справа добила современа модификација, која овозможувала нишанење со помош на оптичка рефлексија. Во поглед на вооружувањето, првите 190 произведени авиони располагале со еден топ „ShVAK“ со калибар од 20 милиметри, лоциран во носот на авионот помеѓу цилиндрите на моторот, и еден митралез „UBS“ калибар од 12,7 милиметри. Подоцнежните варијанти биле изложени на дополнителна модификација со вградување на уште еден митралез „UBS“ калибар од 12,7 милиметри. Целосното вооружување било плански лоцирано во предниот дел на авионот низ централната оска, со цел да се ослободат крилата од дополнителна тежина. Овој сегмент, исто така значително влијалел врз маневрирачките способности на авионот. Митралезите вообичаено користеле високо експлодирачка муниција, која значително ја зголемила ударната моќ на авионот. Како таков, „Yak-3“ бил помал и полесен од „Yak-9“ но придвижуван од истиот мотор. Ова претставувало една причина за зголементата маневрирачка способност и брзина на „Yak-3“. Авионот бил ригиден и многу едноставен за одржување. Искусните, но и новите пилоти го сакале овој авион, баш поради едноставниот и



| Главни карактеристики на „Yakovlev Yak-3” | |
|---|---|
| **Екипаж** | 1 |
| **Должина** | 8,5 метри |
| **Распон на крила** | 9.20 метри |
| **Мотор** | Еден клипен „линиски“ мотор „Klimov VK-105PF2“ со 12 цилиндри со способност за развивање на 1290 коњски сили. Моторот користел течно ладење. |
| **Максимална брзина** | 646 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 550 километри |
| **Максимална висина на летање** | 10400 метри |
| **Вооружување** | Два митралези „Berezin UBS“ со калибар од 12.7 милиметри, со капацитет на носивост на муниција од 170 парчиња по митралез.<br><br>Еден топ „ShVAK“ со калибар од 20 милиметри и капацитет на носивост на муниција од 120 парчиња. |

лесен начин на управување и контрола. Воздухопловот добил борбен статус во 1944 година. Тоа што авионот доцна се вклучил на военото поле, било од повеќе причини, започнувајќи од бирократски, па сè до достапонст на ресурси. Меѓутоа, набргу по првите борбени мисии, советската команда забележала дека авионот е супериорен од германските ловци. Тој бил најчесто употребуван како тактички ловец на мали висини, со цел пресретнување на непријателски воздухоплови кои летаат на висина под 4000 метри. Покрај сите предности, авионот сепак имал неколку недостатоци кои причиувале повремени проблеми. Пневматичниот систем кој ги управувал летачките контроли повремено се заглавувал, особено по високо-брзински маневрирачки способности. Советите биле свесни за овој проблем и свесно ја продолжиле употребата на овој систем бидејќи другите системи кои биле електрични или хидраучични биле потешки. Тоа би предизвикало намалување на брзината и маневрирачките способности на авионот. Како втор зачестен проблем, бил краткиот оперативен дострел на авионот. Поради оваа причина советската команда најчесто го употребувала ловецот како тактичка поддршка со способност за брза реакција. Според безбројни тврдења од советски но и западни пилоти, авионот бил пред своето време. Од почетокот на борбено-



оперативниот статус, па сè до крајот на Втората светска војна „Yak-3“ бил произведен од над 4800 примероци. Во истиот период, авионот претпрел 210 загуби, што е значително низок број во однос на произведениот и борбено оперативниот број.

**Варијанти**

Покрај основната варијанта именувана едноставно „Yak-3“, советската команда имала обиди за производство на модифицирани модели со намера за одговарање на други улоги на военото поле.

**„Yak-3 (VK-107A)“**

Оваа варијанта била придвижувана од мотор „Klimov VK-107A“, кој имал способност да развие 1640 коњски сили. Вооружувањето се состоело од два топа „Berezin B-20“ со калибар од 20 милиметри. Капацитетот на гранати изнесувал 120 парчиња муниција.

**„Yak-3 (VK-108)“**

Самата дезигнација означувала поинаков-помоќен мотор „Klimov VK-108“, со можност за развивање на 1850 коњски сили. Вооружувањето се состоело од само еден топ „Nudelman-Suranov NS-23“ со калибар од 23 милиметри и капацитет за носивост на гранати од 60 парчиња муниција.

**„Yak-3K“**

Советската команда со оваа варијанта се обидела да вгради противтенковски топ „Nudelman-Suranov NS-45“ со калибар од 45 милиметри. Биле прозведени само неколку варијанти од овој тип.

Димитар Даневски



# Борба за п
# артилеријата
# зак

Главните елементи за подобрување на капацитетите за модерните самоодни орудија ги опфаќаат: дострелот, режимот на стрелба, системите за контрола на огнот, нивото на заштита и капацитетот за транспорт на муниција. Во продолжение следи појаснување за секој елемент посебно.

**Дострел:** Трката за поголем дострел кај орудијата е стара колку што се стари и првите артилериски орудија, односно уште од самата појава на наједноставните орудија секогаш се тежнеело да се зголемува дострелот на орудијата, со цел да се гаѓа на поголеми далечини, за да се заштитат, пред сè, сопствените единици. Денес постоечките генерации на модерни самоодни орудија во најголем дел се со калибар од 155 мм, освен одредени типови со калибар од 152 мм кои потекнуваат од ерата на Советскиот блок. Орудијата од 39, 45 и 52 калибри денес станаа стандард. Со употреба на BB (base bleed) и RAP (rocket assisted projectiles) проектили, орудијата достигнуваат дострел од 35 до 40 километри. Зголемениот дострел, пред сè, овозможува поголема покриеност на теренот во насока на огнена поддршка на маневарските единици и обезбедува поголема безбедност на артилериските единици, со тоа што ќе запоседнат позиции подалеку од предната линија на сопствените единици и ќе избегнат евентуално контрабатирање.

**Режим на стрелба:** Начинот на автоматско полнење е веќе стандард кај модерните самоодни орудија. Режимот на стрелба се движи од 6-8 проектили за една минута. Автоматскиот начин на полнење е предност и во делот на заштеда на физичката сила на послугата на орудието, која во спротивно би требало да манипулира со муницијата рачно. Со зголемениот режим на стрелба се зголемува ефектот на целите во зависност од видот на целта која се гаѓа.

**Способност за самопозиционирање и системи за контрола на огнот:** Една од првите самоодни хаубици која има способност за самопозиционирање и развиен систем за контрола на огнот е американската хаубица „Paladin“ 155 mm. Денес оваа способност е стандард за сите самоодни хаубици. Со цел заштеда на трошоци за производство на

# превласт во а и постоечки хани

Овој текст е генерална анализа на постојаната потреба од надоградување и усовршување на артилериските орудија и системи и потребата од адаптација заради конкурентност во секоја смисла, а посебно во делот на орудијата и системите.




нови хаубици, многу земји ширум светот ги модернизираат постоечките самоодни хаубици со вградување на системи за контрола на огнот и останата опрема, како софтверска така и комуникациска. Една од најголемите предности на дигитализацијата на самоодните хаубици е тоа што секоја хаубица може да биде позиционирана на поголеми растојанија на огнената позиција и да дејствува доколку треба и самостојно, што ги прави помалку ранливи на непријателски оган. Во оваа насока, сепак остануваат предизвиците како што се: потребата од поголема координација и реснабдување со муниција, како и потребата од дополнително обезбедување, затоа што поради зголемените растојанија единицата не може да се потпре само на блиската одбрана на огнената позиција.

**Заштита:** Денес кога зборуваме за заштита, истата ја поистоветуваме со заштитен оклоп. Во таа насока, размислувањата се како модерните тенкови и самоодните хаубици да имаат дополнителна активна заштита, нешто што само по себе е предизвик, со оглед на тоа дека истото би предизвикало дополнителна тежина која самата шасија на хаубицата треба да ја издржи. Кога зборуваме за активна и пасивна заштита на самоодните орудија, може да се каже дека стандардот е веќе поставен со воведувањето во употреба на германската „PzH 2000“ 155 mm.

**Капацитет за транспорт на муниција:** Во зависност од типот на орудието, капацитетот на транспорт на муниција секаде е различен. Доколку капацитетот за транспорт на муниција е поголем, толку повеќе се зголемува и можноста за комбинирање на повеќе типови на муниција за да се избегне брзата потреба од реснабдување на хаубицата со муниција. Во табеларниот приказ се прикажани капацитетите за транспорт на муниција за различни типови на орудија, како и останатите карактеристики.

Славчо Кузманоски

**Табеларен приказ на можностите на дел од самоодните орудија кои се во употреба последните три децении**

| Систем/Земја | Максимален дострел (км) | Капацитет за транспорт на муниција | Максимален режим на стрелба | Тежина (кг) | Брзина (км/ч) | Послуга | Во употреба од |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Paladin/САД | 30 | 39 | 4 | 29000 | 65 | 4 | 1992 |
| PLZ45/Кина | 39 | 30 | 4-5 | 32000 | 56 | 5 | 1998 |
| ZTS/Словачка (на тркала) | 40 | 40 | 6 | 28000 | 80 | 4 | 1998 |
| GCT/Франција | 29 | 42 | 8 | 42000 | 60 | 4 | 1978 |
| PzH 2000/Германија | 40 | 60 | 8-9 | 55300 | 60 | 5 | 1997 |
| 2S19/Русија | 36 | 50 | 6 | 42000 | 60 | 5 | 1989 |
| AS90/Обединето Кралство | 40 | 48 | 5-6 | 45000 | 55 | 5 | 1992 |



# Елитни падобранци

Почетокот на падобранската ера на овој македонски простор започнала кон крајот на 1926 г., кога на аеромитинг во Скопје скокнале со падобран дури четири падобранци. Тоа, би рекол, се и почетоците на скокови со падобран во некогашната југословенска кралска држава.

Првите падобрански скокови биле без поконкретни цели за нивна воена примена. Единствена конкретна цел била спасување на пилоти во случај на потреба. Но, нивната употреба ширум светот и потврдите дека тоа се справи кои можат да најдат поширока примена и во конкретни воени операции, а не само за „пилотски спасувања", ја иницирало идејата за формирање на посебни воени падобрански формации.
Тргнувајќи од таквата премиса, во текот на 1939 г. е формирана и првата падобранска школа во тогашната држава, која требала најнапред да создаде сопствени стручни кадри – наставници кои ќе ја прошират и ќе ја продолжат ваквата активност во замислената воена насока и стратешки цели.
Во текот на наредните две години биле реализирани две продолжени падобрански школувања, односно две воени класи падобранци. Од нив, во текот на предвоената 1940 г., формирана е и првата кралска воена падобранска чета, со седиште во градот Нови Сад (сегашна Република Србија).
При започнување на Втората светска војна, ова падобранска чета добила само минорна улога со која била задолжена за одбрана на аеродромот на кој била лоцирана. Но, немајќи вистинска воена стратешка цел и ефекти од нејзиното постоење, истата била расформирана, а падобранците биле прераспределени во разни други пешадиски единици, во кои голем дел од нив биле и заробени.
Во предвечерјето на завршните борбени акции за слобода на тогашната држава, во октомври 1944 г. официјално е формиран Првиот падобрански баталјон во состав на Народната армија. Неговото формирање е реализирано на просторот на соседна Италија. Но, и покрај тоа, овој баталјон немал активно учество во борбените дејства до крајот на војната.Понатамошните трансформации на падобранските воени формации низ временските периоди покажуваат дека првите поголеми и позначајни реформи биле направени во текот на 1952 и 1953 година. Најпрво, во Шабац (Србија), бил формиран 63. падобрански баталјон, а наредната година, истиот бил трансформиран во 63. падобранска бригада, која следната година, формациски и локациски, била пренесена во Нови Сад. Очигледно, тоа е период без вистинска стратегиска замисла, концепција и проактивна падобранска улога, па поради ова во текот на 1959 г., следеле и нови трансформации на нејзината улога, задачи и локациската поставеност. Со нив се устроиле три нови, односно три самостојни баталјони, лоцирани на воените аеродроми во Скопје (СР Македонија), во Београд (СР Србија) и во Церкље (СР Словенија), во тоа време Социјалистички Републики (СР).
Самостојниот падобрански баталјон во Скопје бил целосно лоциран на некогашниот воено-цивилен

аеродром (сегашна населба Аеродром). Малкумина возрасни граѓани се сеќаваат на падобранските активности на овој баталјон, а уште помалку останаа веродостојни документи и фотографии, кај нас, кои би биле вистински сведоштва на тој период. Но, моите куси сеќавања, малку фотографии и записи, внесени во мојот личен аеродневник, се колективно потврдени аргументи во прилог на изнесеното. Тие потсетуваат на приземните, цврсто градени објекти, во кои беа сместени специјалните магацински простори за чување на десантните, товарните (карго) и резервните падобрани, како и на салата за „пакување“ на истите, во тој период именувана и позната како „слагаоница“. Велам специјални магацини, затоа што во таквите простории е неопходно да се одржува соодветна температура и влажност на воздухот, а во просторијата за „пакување“ се потребни долги маси на кои се спружуваат куполите, конците и торбите на падобраните. Тие, потоа, внимателно се пакуваат – се собираат во нивниот текстилен контејнер на кој се пришиени носечките ремени за нарамување и прицврстување на градите на падобранците. Во посебни случаи пакувањето на падобраните се прави и на платнени простирки, распослани на земја. Тоа бил принцип на пакување на падобрани во услови на вонаеродромски активности.
Во рамките на воениот дел на аеродромот, на јужната страна од пистата имало и посебен полигон за кондициски и вежбовни активности на падобранците, но и на останатите воени лица. Дел од тој полигон сѐ уште е видлив крај т.н. воен базен во сегашната населба Аеродром.
На самиот почеток на формирање на овој баталјон, главно биле користени падобраните од типот „ПШ-01“ и „ПШ-01К“, а подоцна и други типови. За десантен авион, во најголем број случаи, бил користен авионот од типот „Дакота Ц-47“,, кој претставувал првична варијанта на авионот „ДЦ-3“. Десантните скокови од овие авиони се изведувале по принципот на т.н. принудно отворање на падобранот со помош на долга трака (именувана како гуртна). Гуртната, на едната страна била „закачена“ на плетена челична сајла во авионот, а нејзиниот завршеток, со т.н. кепер лента, бил поврзан со падобранот. Кога, после искокнување од авионот, гуртната ќе го извлече целиот падобран, под дејство на силата од тежината на падобранецот и отпорот на падобранот се кинела кепер-лентата и падобранецот го продолжувал својот слободен „пад“. Гуртната останувала да виси надвор од авионот. При овие, како и при сите останати падобрански скокови, важна е прецизноста на местото на доскок - приземјување на падобранецот. За таа цел, во рамките на безбедната аеродромската зона, на јужната страна на пистата, пред аеродромските хангари, имаше ископан земјен круг наполнет со ситен песок како место за приземјување. Во рамките на зацртаните и утврдени стратегиски воени цели на скопскиот Падобрански баталјон спаѓале обука на падобранци, диверзантски активности и задниноски напади на непријателски формации, помош на окупирани-опкружени или други изолирани формации на сопствената армија, доставување храна и лекови, како и низа други активности.
Според постоечките документи, армискиот Падобрански баталјон во Скопје официјално егзистирал до крајот на 1967 година. И овојпат, практиката покажала дека расчленувањето на падобранските единици го отежнувало процесот на обука, раководење и командување. Поради тоа, воената падобранска формација доживува повторна реорганизација и нејзина целосна концентрација во градот Ниш (СР Србија). Повторно се преобразува во бригада под името 63. падобранска бригада, но во својот состав прифаќа и веќе оспособени падобранци од редовите на аероклупските членови и спортисти, а постоеше сѐ до постоењето на поранешната заедничка југословенска држава.
На крајот од оваа приказна за елитните воени падобранци запишана во мојот аеродневник, додадени се имињата на огромниот број поединци од овој македонски простор, кои како активни воени старешини или на отслужување на воениот рок, биле дел од падобранските одбранбени воени формации.

Ѓорги Чачкиров








# Музеј на авијацијата на Нов Зеланд

Сместен на историска локација, на аеродромот каде што воената авијација на Нов Зеланд ги бележи своите почетоци, се наоѓа Музејот на военото воздухопловство на Нов Зеланд. Мисијата на музејот е да ја зачува и да ја претстави историјата на военото воздухопловство на Нов Зеланд за комеморација, изучување, инспирација и уживање

Музејот на авијацијата на Нов Зеланд е поставен во Виграм, на локација каде што во 1937 година е основана првата воздухопловна база на Нов Зеланд. Музејот на авијацијата на Нов Зеланд е отворен на 1 април 1987 година за време на одбележувањето на јубилејот 50 години воено воздухопловство на Нов Зеланд. На севкупно 14.000м2 изложбен простор се распоредени сите експонати и објекти кои ги зафаќа музејот. Збирката на артефакти, воздухоплови и други експонати изнесува над 2500 парчиња. Оваа бројка секоја година се зголемува по пат на донации од индивидуи кои донираат свои предмети поврзани со воеността воздухопловство на Нов Зеланд или по пат на размена со други музеи во светот. Музејот бележи постојан и стабилен пораст на посетеност, така што во периодот пред пандемијата предизвикана од COVID-19, бројот на посетители изнесувал 120.000 посетители годишно.

Музејските експонати се распределени во шест галерии. Првата галерија на која се наидува после влезот во музејот е „Атриумот“. Овде, централниот дел го зазема британскиот авион-тренажер „De Havilland DH 82A Tiger moth MKII“. Во овој дел е сместен кафе-барот, продавницата за сувенири, како и пултот за информации каде може да се подигне мапа од музејот за посетителите кои самостојно ќе го разгледуваат музејот. Во овој дел е сместена и халата на почест, посветена на сите оние кои загинале додека биле на служба во военото воздухопловство на Нов Зеланд, од 1915 година па сè до денес.

Споменикот во форма на елиса со краци кои се благо свиткани station наназад е посветен на сите припадници на военото воздухопловство кои загинале во мисии надвор од државата. Втората галерија е наречена „Хала на воздухоплови“ и во истата има изложени 13 авиони и еден хеликоптер. Експонатите се осветлени со театарски осветлувања за добивање на драматичност на поставката. Повеќето од експонатите се придружени со приказни раскажани од различни припадници на военото воздухопловство кои служеле на одредениот воздухоплов или го опслужувале истиот. Во овој дел се истакнуваат авионите: „Douglas

Експонатите се осветлени со театарски осветлувања за добивање на драматичност на поставката. Повеќето од експонатите се придружени со приказни раскажани од различни припадници на военото воздухопловство кои служеле на одредениот воздухоплов или го опслужувале истиот



Dakota“, кој бил користен од страна на кралицата при нејзината тура во Нов Зеланд во 1953 година, најстариот комплетно преживеан авион „Avro 626“, „„P-40 Kittyhawk“, „Skyhawk“, „UH-1 Iroquois“ ,„TBF-1 Avenger“ итн. Во оваа галерија може да влезете и во кокпитот на „Vampire“ или во куполата на бомбардер од Втората светска војна.
Галеријата именувана како „Хоризонт до хоризонт“ го опишува историскиот пат на военото воздухопловство на Нов Зеланд. Овој дел е исполнет со голем број на експонати, делови од опрема користена низ времето, делови од авиони итн. Неколку диорами во реална големина го дополнуваат чувството на патување низ историјата. Во овој дел може да влезете во реплика на труп на авионот „C130“, каде може да погледнете и краток филм за историскиот развој на военото воздухопловство. „Trérèse Angelo Wing“ е четвртата галерија која, всушност, е доградбата на музејот реализирана во декември 2012 година и го прошири музејот за дополнителни 6500м2. Оваа хала често се користи како локација за организирање на различни конференции. Во оваа хала се изложени: италијанскиот „Aermacchi MB 339CB“, американскиот хеликоптер „Bell 47G-3B-1 Sioux“, „TA-4K Skyhawk“ и други. Галеријата „Caldwell“, посветена на познатиот новозеландски пилот од Првата светска војна, е петтата галерија во музејот. Покрај комплетната реплика на авионот „Sopwith Pup“, оваа галерија е надополнета со колекција на медали и обележја, како и со голем број на фотографии. Шестата галерија или „Резервна колекција“, всушност е магацински простор каде реставраторите кои се во склоп на музејот работат на одржување и на подготовка на авионите кои се изложуваат. Влез во оваа галерија е возможен само доколку посетата на музејот е реализирате со водич-кустос.

Музејот има сопствена политика на често менување на изложените воздухоплови т.е. ги менува нивните локации од една во друга хала. Музејот дозволува посетителите да ги допрат експонатите кои се изложени и на тој начин да ја почувствуваат историјата. На ниво 1 во самиот атриум е сместен симулаторот за летање на „Mosquito“. За оваа активност се доплаќа 8 долари за 5-минутен лет. Во склоп на музејот е и продавницата за сувенири која има многу предмети кои можат да се купат како потсетување на посетата, истата има и интернет-страница од каде може да порачате некои од предметите кои се нудат. Во музејот има и кафе-бар каде што може да се освежите за време на посетата. Честопати музејот се користи за организирање на културни активности и одбележување на значајни државни датуми. Музејот во својата понуда има и еднодневни интерактивни активности за деца од 5 до 12 години, каде разгледувањето на музејот го прават низ игра по замислено сценарио. Некои од овие активности се: „Очи на небото“, „Саботажа“, „Олимписки игри“, „Пребарување и спасување“ итн. Музејот нуди можност и за организирање на различни тематски роденденски забави за најмладите. Работното време во музејот е секој ден од 09.30 часот па сè до 16.30 часот. Влезот е бесплатен, но музејот прифаќа донации и најчесто посетителите оставаат по 5 долари. Доколку сакате да имате тура низ музејот со сертифициран водич треба да се доплатат 2 долари. Со оглед на фактот дека музејот е во самиот град, истиот е достапен за посета и со користење на градски автобуски превоз, така што ова придонесува истиот да биде повеќе посетен. Музејот на авијацијата е одличен склоп на одлично просторно распоредени и интересни активности. Овој музеј е интересно место каде што љубителите на авијацијата може да поминат интересен и исполнет ден.

Златко Блажески



# Состанокот на медицинските резервисти на НАТО-CIOMR

Среднозимскиот состанок на медицинските резервисти на НАТО-CIOMR „MWM-23 CIOMR & CIOR“ се одржа во Штабот на НАТО во Брисел од 30.1. до 2.2.2023 г., во хибридна форма, со физичко и виртуелно присуство. ОРОРСМ е полноправна членка на Меѓусојузничката конфедерација на медицински офицери-резервисти преку својата Воена медицинска секција, која на овој состанок учествуваше со виртуелно присуство на зум-платформата на интернет. Во делегацијата на ВМС-ОРОРСМ беа акредитирани: д-р Илија Глигоров, претседател, проф. д-р Јордан Нојков, потпретседател, д-р Димче Димитриевски, потпретседател и д-р Гоце Бабоски, член на ИО.

Среднозимскиот состанок на CIOMR се одвиваше во три главни области:

1.Оперативни прашања поврзани со мотивирањето и регрутирањето млади медицински кадри за учество во резервните сили на НАТО.

2.Научно-стручни прашања поврзани со сајбер-безбедноста во медицинските единици.

3.Организациски прашања значајни за функционирањето на организацијата кои беа решавани на седница на Извршниот комитет (Одбор) на CIOMR.

Истовремено, на истата локација во Штабот на НАТО во Брисел се одржа Среднозимскиот состанок на CIOR, како и Семинар за млади медицински офицери резервисти – JMRO.

Значењето на Среднозимскиот состанок за 2023 г. на CIOMR е големо и за нас, затоа што придонесе да го збогатиме нашето знаење за воената медицина, добивме многу нови информации и остваривме комуникација со медицински раководни структури и поединци. Со нашето учество покажавме дека сме рамноправни со другите национални членки на медицинарите на НАТО организирани во CIOMR.




# Чествување на Гоце Делчев

На 4 февруари 2023 година, по повод 151 година од раѓањето на македонскиот великан Гоце Делчев, најголемиот македонски револуционер и апостол на македонската револуционерна борба, идеолог, организатор и водач на Македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, делегација на ОРОРСМ, предводена од генералниот секретар на Организацијата, Никица Бангиева и претседателот на Извршниот одбор на Градската основна единица на Скопје, Душко Наковски, во знак на почит положи свежо цвеќе пред неговиот споменик во Градскиот парк во Скопје.

Истиот ден, со истиот повод, свежо цвеќе положија и: делегација на Општинската организациона единица на ОРОРСМ Куманово, пред бистата во гимназијата „Гоце Делчев“, претставувана од членот на ИО на ОРОРСМ Синиша Богдановски, секретарот на ИО на Општинската организациона единица Звонко Величковски и членот на Извршниот одбор Тимчо Петровски, како и делегација на Општинската организациона единица на ОРОРСМ Делчево, претставувана од претседателот на ИО Светлана Илиевска и членовите на ИО Васко Станковски и Драго Стојменовки, која свежо свеќе положи пред споменикот на Делчев во центарот на градот.



# Работни седници

Во текот на февруари се одржаа повеќе работни седници на органите и телата на ОРОРСМ.

На 8 февруари се одржа Првата конститутивна седница на Работното тело за организирање на пролетниот состанок на ГАМИНГЕР-иницијативата, ГАМИНГ 1.

Организатор-домаќин на состанокот кој ќе се одржи од 24 до 28 мај 2023 година во Скопје, е Организацијата на резервни офицери.

На седницата, покрај конституирањето на работното тело, се изготви и првичната нацрт-верзија за активностите во периодот од 24 до 28 мај, за успешно реализирање на состанокот ГАМИНГ 1.

На 16 февруари, Комисијата за информативно-промотивна и издавачка дејност ја одржа седмата седница на која беа презентирани активностите на членовите во изготвувањето на Монографијата на Организацијата и нивните понатамошни обврски и воедно беше презентирана содржината на Монографијата.

На 21 февруари се одржа единаесеттата седница на Извршниот одбор на Собранието на ОРОРСМ, многу значајна за функционирањето на Организацијата, на која се усвоија важни документи и одлуки. Акцент на седницата беше даден на усвојувањето на: програмата и планот за обука во 2023 година; финансискиот извештај за 2022 година и финансискиот план за 2023 година. На седницата беше презентирана и информацијата за активностите на Организацијата за периодот јануари и февруари 2023 година.

Тони Мицевски



Претставници на Општина Чашка и на Општинскиот сојуз на борци од Велес, во присуство на претседателот на СБМ од НОАВМ, стогодишниот д-р Никола Стојановски, учесник во НОВ, членови на Сојузот на борци, граѓани и здруженија, во месноста Камила кај селото Извор, на 17 февруари се поклонија и положија свежо цвеќе пред споменикот во чест и сеќавање на загинатите борци од НОВ.
Споменикот е посветен на учесниците на Богомилскиот поход кој е во склоп на историскиот Февруарски поход од 31 јануари до 14 февруари 1944 година



# Одбележани 79 години од Февруарскиот поход

Пред точно 79 години, во близина на овој споменик биле убиени и ранети повеќе борци-учесници во историскиот Февруарски поход. Споменикот се наоѓа во непосредна близина на селото Извор, покрај стариот пат Велес– Прилеп. Автор на споменикот е Зоран Грабуловски.
За жал, последниве години крадци го извадија металниот дел од споменикот кој претставуваше три големи фигури на партизани, а моментално е оставен само камениот дел на споменикот. „Вие, хероите на славната богомилска епопеја во нерамната борба со бугарскиот фашистички окупатор, ги дадовте своите животи за среќната иднина на нашите млади поколенија", стои испишано на еден камен блок од камениот споменик во месноста Камила кај Извор. Во склоп на одбележувањето, пред споменикот ученици од Основното училиште ,,Петар Поп Арсов" од Општина Чашка настапија со свои рецитали по повод Февруарскиот поход.
Во македонската историја за Февруарскиот поход стои запишашано дека неговата цел била да се разгори вооруженото востание во централниот и во источниот дел на Македонија. За таа цел биле формирани три ударни групи од постоечките вооружени единици. Како што пишува во книгата „По патеките на слободата" на велешкиот историчар Слободан Ников, НОБ во Македонија при крајот на 1943 и почетокот на 1944 г. бележи големи успеси.Откако била извршена концентрацијата на главните вооружени единици во реонот на Кожув Планина, во втората половина на јануари 1944 г. бил разработен план за изведување на Февруарскиот поход. Главната задача на Февруарскиот поход била да се разгори вооруженото востание во централниот и во источниот дел на Македонија.За реализирање на планот биле формирани три ударни групи од постоечките вооружени единици. Првата оперативна група добила задача да замине во Централна Македонија во правец на Мариово– Дрен – Мукос Планина – Бабуна. Оваа група ја сочинуваше Првата македонско-косовска ударна бригада и имала задача да ја разгори вооружената борба во овој дел на Македонија и да ги напаѓа комуникациите Солун – Лерин,Велес – Битола. Борците од Првата македонска ударна бригада од 31 јануари до 14 февруари 1944 г., поаѓајќи од Караџова до Азот, низ деноноќни борби со бугарскиот окупатор во текот на Втората светска војна изминале долг и тежок пат од 300 км низ студ, снег и многу борби. Во текот на борбите, Бригадата кон себе повлекува две бугарски дивизии, така што им го олеснува пробивањето и дејствувањето на останатите единици во Источна Македонија во извршувањето на своите задачи.

Во текот на тешките борби што ги водела Бригадата на просторот на Азот во крајно тешки зимски временски услови, дел од борците кои биле ранети во борбите со бугарската војска, ранети или залутани во снегот, не можејќи да воспостават врска со главнината на својата единица, биле заробени од непријателот.Потоа овие заробени борци биле доведени во непосредна близина на месноста Камила кај Извор и биле ѕверски мачени и на крај убиени од бугарскиот фашистички окупатор. Ова стои запишано во македонската историја, но за ова пишува во својата книга „По патеките на слободата" и историчарот Ников. Имињата на учесниците во Февруарскиот поход се запишани со златни букви во македонската историја. Учеството во Февруарскиот поход претставува светол патоказ за македонските сегашни и идни генерации.

Антоанела Димитриевска



# Музејот за тутун во Прилеп раскажува ексклузивни приказни

Кога ќе го посетите Музејот на тутун во Прилеп ќе дознаете за бројните приказни, ексклузивни историски приказни што ги раскажува Александар Цветкоски, советник-кустос, а кои говорат за производството и предметите за уживање на тутунот – порок оспоруван денес, но кој неизбежно ја раскажува историјата на човештвото.

**Отворен, па затворен, и повторно во функција**

Музејот за тутун бил формиран во 1973 година, по повод 100 години од организираното производство на тутун во Прилеп и бил сместен во Институтот за тутун.

– Уште кога е правен, Бошко Бабиќ и Тадеуш Полак сакале да имаат лулиња од познати личности што ја раскажуваат историјата за тутунот и за уживањето во него, за да имаат лулиња од светските изложби во Виена и во Париз каде што биле изложувани. И успеале да ги најдат. Тие плански ги собирале експонатите од цел свет. Сета ова се одразува до денес преку тие приказни. Сите странци кои знаат нешто за музеите прашуваат: Како е можно еден град во провинција да има толку значаен музеј што е втор по големина во светот? Тогашниот прилепски музеј од 60-тите години развил соработка со уметниците

Лулиња, чибуци, наргилиња, каширани фотографии, предмети за уживање на тутунот, табакери, запалки, кибрити, ретка европска збирка, историски предмети поврзани со европски славни личности – сето ова е дел од раритетната и бесценета збирка на прилепскиот Музеј за тутун, кој поседува преку 4.000 артефакти, од кои 2.000 се посебно уникатни

од цел свет. Тогаш, Бошко Бабиќ на сите уметници им напишал писма да праќаат експонати, а посебно приказни. Да испраќаат информации каде може да се купат тие експонати. И така преку артефактите се забележала човековата историја и желба да ужива, да го забележи живеењето низ вековите преку една индустриска култура – раскажува Александар Цветкоски, советник-кустос од Завод и музеј – Прилеп.

По неколку години, односно 1978 година, збирката била расформирана и ставена во сандаци за пушки. Музејот повторно е отворен 1994 година со изградба на нова сала, која е подготвена и темелно реновирана за експонирање на големото богатство, за кое сега се





грижи Завод и музеј – Прилеп, а е во рамките на зградата од Институтот за старословенска култура.
Цветкоски раскажува за тоа што се случило кога по шеснаесет години ги отвориле сандаците полни со експонати.
- Еден од нив, откако го испразнивме, падна на подот и од него се ослободија 13 драги камења – рубини, сафири и дијаманти. Биле залепени на маста од сандаците. Кога ги отворивме се ослободија и паднаа. Бевме воодушевени. Потоа ги вративме на самите експонати – открива Цветкоски, што говори колку е богат, но и воедно колку е значаен Музејот за тутун во



кој има збирка за уживање на тутун, ликовна збирка, збирка на каширани фотографии, збирка на производи од тутун и збирка на рекламни постери.

Експонатите говорат за човековиот дух и хир, пленат со својата убавина, луксуз и раритет. Говорат за славните европски луѓе кои ги имале маните и доблестите на „обичниот човек“, како руската династија Романови, Ана Хабсбург од австроунгарското царско семејство, Дража Михајловиќ од бурната српска историја, од првите зачетници и пропагатори на уживањето во тутунот во Европа, наргилињата од Отоманското Царство, ретките фотографии, индустриската мачна обработка на тутунот на најпознатите македонски простори во Прилепско и што уште не! Секој посетител кој ќе дојде во Музејот за тутун, во витрините ќе го види последното луле што го испушил Валентајн Кембел пред бесилката во 1630 година, лулето од првиот пушачки клуб од 1700 година, основан во Лондон, Султанското луле, ловечките лулиња, чибукот од Жаклин, позната куртизана, кралските цигарети што се произведувале во Прилеп, се пакувале во Ниш за династијата Караѓорѓевиќ, а можеле да се пушат само на кралскиот дворец, цигари од војниците од денот „Д“ во Нормандија, кои биле специјално пакувани за да не се натопат, морнарички етуи за џвакање тутун, кратер во длабока резба, изработен од коска од африкански орикс, кинеско водено луле за опиум од сребро, чибуци во бидермаер стил, седефна табакера, кутија за цигари од Дим Банк од 1878 година, лулето од Петерсон од Даблин....

**Музејот на тутун – извор на приказни**
Приказните за експонатите се приказни за историјата, видена со „очите на тутунот“ и нивните претходници. Цветкоски ќе ви раскаже за историските интриги на францускиот двор за време на Катерина Мадичијанката, Кралот Јаков II, за лулињата од мершам, кои биле дел од светските изложби во Париз и во Виена, за комплетот чибуци „Мојата баба и мојата жена“. Со особено задоволство се раскажува приказната за лулето од преговорите на Крим.

– На лулето е претставен турскиот султан со коњушарска капа и „англиска“ брада и мустаќи. Користејќи ја при преговорите на Крим, Русите сакале да им кажат на Турците дека станале слуги на Британците – објаснува Александар.

Со ловечките лули, пак, се искажувал социјалниот статус на домаќинот.

– Ловечките сеанси биле одлична можност да се прикаже социјалниот статус, богатството и „префинетоста“ на домаќинот, кој вообичаено имал носач за пушката и носач за лулето. Така, и пушката и лулето морале да бидат во согласност со приказната. И двете биле прекрасно изработени, скапи, со претерано орнаментирана надворешност и изработени од познати мајстори. Постојат ловечки лули кои биле долги по 3 и повеќе метри, а се пушеле седејќи (пандан на турските наргилиња) – раскажува Цветкоски.

За морнарските етуи вели дека се од походите во Америка.

– Етуи од Севилја датира од 1497 година, тоа е гравирано од морнар кој бил во IV поход на Америка, со бакарна легура, на шарнир, ровашење во метал, со изгравирани ликови на папата, кардиналот и на Свети Никола, лаички „морнарски табели“. Кутиите за тутун започнуваат како морнарски етуи, во кои се чувале најразлични ситници, а веќе во почетокот на 16 век морнарите ги исфрлаат ситниците од нив и тука ставаат тутун – објаснува Цветкоски, додавајќи дека има илјадници приказни поврзани со експонатите во Музејот за тутун, кој е репрезентативен, луксузен, уникатен и говори за човековата глупост и затоа е интересен и вреди да се посети.

Каролина Мицевска
Зоран Василески





# Франц Рубо - мајсторот на панорамското сликарство

Франц (Франсоа) Рубо е роден на 3/15 јуни 1856 година во Одеса во семејството на Оноре Фортуне Алексис Рубо и неговата сопруга Маделаин (родена Сенек). Франц бил четврто од петте деца во католичко семејство неговиот татко бил продавач на книги и стационар, по потекло од Марсеј. Првата ликовна наобразба му е во Училиштето за цртање во Одеса. Во 1877 година Рубо оди во Минхен и студира на Академијата за ликовни уметности во Минхен.После студискиот престој во Минхен Рубо се сели во Санкт Петербург, каде работи во Царската академија за уметности и сликајќи огромни панорамски слики на историски битки.

Во 1904-1912 година, Рубо предавал на Академијата за уметности во Санкт Петербург како професор. Во тоа време тој ја слика Опсадата на Севастопол, панорамска слика. Во средината на 19 век, панорамските слики стануваат модерен начин за прикажување на пејзажи и историски настани. Панорамската слика е визуелен медиум од 360 степени патентиран од уметникот

> Франц Рубо е руски сликар кој ги создал некои од најголемите и најпознатите панорамски слики. Панорамската слика е визуелен медиум од 360 степени патентиран од уметникот Роберт Баркер во 1787 година. Во тоа време ова е новитет и за публиката во Европа од овој период овие слики биле сензација

Роберт Баркер во 1787 година. Во тоа време ова е новитет и за публиката во Европа од овој период овие слики биле сензација. Сликите создаваа нова илузија, транспортирајќи го гледачот во виртуелна реалност, создавајќи перцепција дека е физички присутен во средината на настаните. Кога стоите во средината на панорамата од 360 степени, таа создава впечаток на ваше постоење во нова средина автентична присутност на настанот кој е насликан . Гледачот стои во центарот на кружната панорама и ги набљудува различните сцени додека шета наоколу и ја набљудува панорамата од различни агли на гледање. За истите овие слики се градени дури и специјални објекти со цел впечатокот да биде





засилен со уште поголема импресија . Франц Рубо токму по овој вид сликарство станува познат и благодарение на огромните панорамски слики што ги создава за време на својот живот. Делата на Рубо се толку големи што барале специјално изградени павилјони за да ги изложат. Овие слики се една од ретките панорамски дела кои сѐ уште постојат од популарниот жанр од 19 век. Во 1913 година Рубо ја напушта Русија и заминува за Германија, населувајќи се во Минхен.

По избувнувањето на Првата светска војна, германските власти го признале како француски државјанин, но не го интернирале и на 19 декември 1914 година му дале германско државјанство.



Тој живеел во Минхен до крајот на својот живот и починал на 13 март 1928 година. Најпознати дела на Рубо се : Черкески коњаници на река , Руско-персиска војна (1804–1813) - насликана 1892 година , Бура на Ачулго – насликана 1896 година, 3 фрагменти од оваа слика остануваат во Дагестанскиот музеј за ликовни уметности во Махачкала, Дагестан , Опсада на Севастопол (1854) - наслика во 1905 година, која што е оштетена за време на опсадата на Севастопол (1942), а обновена во 1950-тите Битката кај Бородино (1812) - насликана 1911 година, преместена на ридот Поклоња во Москва во 1962 година. Севастополската панорама е џиновска слика која ја прикажува опсадата на Севастопол од 1854–55 година.

Сликата била изложена во ротонда, специјална зграда изградена во кружна форма. Тоа е слика со огромна големина, а тоа било неопходност за да може максимално реалистично да биде прикажувањето на воените сцени поради огромниот број учесници и широкиот опсег на сценографијата. Рубо работел на оваа слика речиси три години, почнувајќи од 1901 година.

Тој ги истражувал историските настани патувајќи во Севастопол, читајќи за самата битка, како и читајќи историски документи кои ги опишале различните сцени и инциденти за време на војната. Тој исто така водел разговори и собирал прибелешки од преживеаните учесници. Рубо ги направил своите први скици во Санкт Петербург. По преселбата во Минхен продолжил да работи на сликата во Баварската академија за ликовни уметности каде решил да употреби платно високо 14 метри и долго 115 метри. Кога ја завршил сликата, таа била изложена во Севастопол во летото 1904 година, на педесетгодишнината од одбраната на градот. Ова ремек дело и денеска е достапно за погледите на публиката кај која сѐ уште ги буди истите впечатоци како и кога е создадена.

м-р Трајче Чатмов.





# „Читачот“ – приказна за срамот и вината на повоената генерација во Германија

Режисерот Стивен Далдри во филмот „Читачот“ на еден поинаков и оригинален начин ја обработува тематиката на холокаустот. Во фокусот на филмот е приказната на Мајкл Берк (Дејвид Крос), 15-годишно момче коешто расте во повоена Германија, во Берлин. Еден ден, враќајќи се дома од училиште, Мајлк добива мачнина и повраќа пред влезот на една зграда. Тој е забележан од страна на една атрактивна жена ( Кејт Винслет), која за да му помогне го носи во својот дом, каде го мие и потоа го испраќа до дома. На Мајкл му е дијагностициран шарлах и мора да помине неколку месеци во кревет. Кога ќе оздрави, тој се враќа кај жената со букет цвеќе за да ѝ се заблагодари на помошта што му ја има укажано. Облекувајќи се за работа таа го забележува неговиот поглед кон нејзините нозе, полн со страст, и така фатен на дело тој се вцрвенува од срам. Тоа, сепак, не го спречува да дојде повторно во нејзиниот апартман. Кога ќе дојде таа го праќа до подрумот да ѝ донесе нешто и тој се враќа целиот извалкан. Кога ќе го види така извалкан, таа повторно инсистира да го избања, за потоа да го заведе и да води љубов со него. Тоа е неговото прво љубовно искуство, а таа е неговата учителка. Нејзиното име е Хана и таа работи како кондуктер на воз. За возврат за љубовта која секојдневно по часовите му ја подарува, Хана бара Мајкл да ѝ чита книги на глас. Мајкл не може да разбере зошто тоа толку ја возбудува, но сепак се согласува, па ѝ ги чита Одисеја, Хаклбери Фин... Тоа трае околу еден месец, но еден ден Хана мистериозно исчезнува и тој е опседнат и збунет од тоа што се случило за таа да замине така без трага и глас.

Осум години подоцна, Мајкл, како студент на Универзитетот за правни науки, е избран да биде дел од селектирана група на студенти коишто ги следат контроверзните судења за воените злосторства на нацистите за време на војната. Нивниот професор по право ( Бруно Ганц ) ги насочува случаите da ги набљудуваат не од аспект на тоа што е правилно туку што било легално во тоа време.






За време на едно од судењата, Мајкл е шокиран кога ќе ја здогледа Хана како седи меѓу петте средовечни жени, поранешни чувари во концентрациониот логор кои се судат за направено злосторство со еврејски затворенички во логор. Нивното злосторство е што не ја отклучиле црквата за време на пожар предизвикан од бомбардирањата и да дозволат Евреите затворени во неа да се спасат. Во пожарот изгореле тристотини Евреи.
Тоа што особено го вознемирува Мајкл е тоа што тој ја знае тајната што Хана се обидува да ја скрие пред судот, односно дека не знае да чита и да пишува, што би претставувало олеснителна околност за судот во однос на стореното дело, дека го потпишала извештајот за да не се отклучи црквата. Таа никогаш не му го признала тоа и тоа е нејзиниот најголем срам. Хана ја крие таа за неа страшна тајна и по цена на сопствената слобода и по цена на сопствениот живот. Мајкл со тешко срце ја почитувa одлуката на Хана да ја сокрие тајната и да не ја кажува, иако со тоа би добила олеснителна околност. Таа е осудена на дваесет години казна затвор, без можност за помилување.
Овој филм е базиран на истоимениот бестселер на Бернард Шлинк, а сценариото го адаптира Дејвид Хер. Во компарација со многу други филмови кои се занимаваат со тематиката на холокаустот и нацистите, овој филм се обидува да поентира со судирот помеѓу генерациите, стравот, вината и бесот што го имаат младите Германци кон нацистите, нивните предци. Студентите по право, во филмот ги искажуваат своите ставови во врска со контроверзните судења, но Мајкл не може да направи чиста одлука за обвинението кон Хана и одлучува да молчи.
Судбината на Хана ќе го следи и понатаму во животот. Тој си поставува безброј прашања за злосторството и казната, за личниот избор и моралната одговорност, за незнаењето и социјалната изолираност, како можен извор на злосторството. Години подоцна Мајкл ( Ралф Фајнс) е адвокат кој никогаш не ја заборавил магијата и мистеријата на љубовната афера со Хана, и покрај тоа што траела само еден месец. Неговиот брак заради тоа пропаѓа, и односот со неговата ќерка е ладен и дистанциран. Додека Хана е во затвор, тој посетува еден концентрационен логор и сè уште е амбивалентен во врска со Хана. Љубовта кон неа на крајот победува и тој ѝ праќа во затворот снимки од неговото читање на уште повеќе книги. Овој интересен подарок од негова страна е целата смисла на живот на оваа изолирана жена, која во затворот преку книгите се описменува.
Една од највпечатливите пораки во филмот се крие во моќта на приказните, на читањето и пишувањето, бидејќи приказната продолжува да живее низ времето, ги поврзува генерациите, овозможува да се разберат едни со други, ги разрешува конфликтите, утешува, го прави животот поподнослив и поразбирлив за збунетото човечко срце. Книгата е слобода за Хана во затворорт, очи коишто ѝ даваат да ги види работите и во најтемната ќелија, а за Мајкл приказната е ослободување и разрешување со внатрешните конфликти, еден вид простување и расчистување со претходната генерација, со минатото и мост кон посреќна иднина.
Филмот завршува со тоа како Мајкл ја носи својата ќерка на гробот на Хана и конечно ја споделува приказната за Хана,со што отвора простор за нов почеток и една нова длабока врска. Овојпат, врска помеѓу таткото и ќерката.
Овој филм е награден со Оскар и не е само уште еден обичен филм за холокаустот, туку маестрално остварување на режисерот Стивен Далдри, кој цели десет години чекал да ја направи соодветната адаптација на истоимената книга од Бернард Шлинк и да направи вистинско филмско ремек-дело.

Кристина Трајановска



**Режија**: Стивен Долдри

**Улоги:** Кејт Винслет, Ралф Фајнс, Дејвид Крос, Бруно Ганц, Александра Мариа Лара

**Жанр:** драма

**Сценарио:** Дејвид Хер (сценарио) , Бернард Шлинк (книга)

**Продуцент:** Антони Мингела, Сидни Полак, Скот Рудин

**Кинематографија:** Роџер Декинс, Крис Менгес

**Музика:** Нико Мули

**Монтажа:** Клер Симспон

**Година:** 2008

**Јазик:** англиски

**Земја:** Германија, Соединетите Американски Држави

**Времетраење:** 119 минути

**Буџет:** 32 милиони долари



# Попова Шапка, една туристички

Попова Шапка е еден од најстарите и најголеми ски-центри во Република Северна Македонија, кој датира уште од 1947 година и е распослан на падините на една од највисоките планини во Македонија, Шар Планина. Ски-центарот е сместен на надморска висина од 1.800 м, се одликува со голем број сончеви денови и со снежна покривка погодна за скијање од крајот на ноември до април.

Ски-центарот е доста атрактивен затоа што Шар Планина ја карактеризираат голем број врвови со над 2.500 метри надморска висина. Тука се наоѓа и еден од највисоките врвови во Македонија, Титов Врв (2.748 м).

Ски-центарот располага со повеќе жичници и ски-лифтови, чија вкупна должина е 11.000 м, со капацитет до 8.000 скијачи на час. Вкупната должина на ски-патеките е околу 20 км, а скијачкиот простор се протега на над 35 квадратни километри. Скијачките патеки се погодни за сите нивоа на скијање, од почетници до професионални скијачи. Центарот располага и со три патеки според ФИС-критериуми, на кои секоја година се одржува меѓународниот Шарпланински куп во слалом и во велеслалом. Атрактивноста на Центарот се гледа и во големите можности за фрирајд-скијањето и сноубордингот низ недопрените диви предели и пејзажи што се наоѓаат на двете страни од планината.

Зимско-рекреативниот центар е оддалечен 18 км од Тетово и 53 км од Скопје.

Видикот од Попова Шапка е отворен кон соседните планини Јакупица и Солунска Глава (2540 м), а во подножјето се наоѓа Полошката Котлина.

За оние кои повеќе преферираат летни авантури, ова е вистинската дестинација за летен одмор, планинарење, планински велосипедизам и параглајдинг. Летно време се одржува планински велосипедски маратон „Шарски води“, со почеток на Попова Шапка и крај во Бунец на Маврово.

Комбинација на атракции, култура, гостопримливост и природна убавина е она што ја прават Попова Шапка вистински избор за сечиј вкус.

Кристина Илиевска

# од најатрактивните
# дестинации
















500
EFI
FUEL INJECTED
500
POLARIS